423610	Наставно-образовни помагала		107.500	0	5.000	0	0	0	5.000
423620	Училишни материјали		113.672	0	90.000	0	48.672	0	138.672
423710	Средства за одржување на хигиена		455.030	0	296.000	0	194.530	0	490.530
423720	Ситен инвентар; алат и други материјали за поправка		391.600	0	370.000	0	203.600	0	573.600
423910	Други материјали за специјална намена		6.000	0	150.000	0	6.000	0	156.000
423990	Други материјали		276.000	5.000	160.000	0	55.500	0	220.500
424	Поправки и тековно одржување		1.755.000	0	1.144.000	0	521.000	0	1.665.000
424210	Одржување на згради		1.261.000	0	760.000	0	406.000	0	1.166.000
424230	Дезинфекција; дезинсекција и дератизација		46.000	0	34.000	0	7.000	0	41.000
424420	Поправки и одржување на софтверска и хардверска опрема		145.000	0	220.000	0	40.000	0	260.000
424430	Поправки и одржување на опрема		303.000	0	130.000	0	68.000	0	198.000
425	Договорни услуги		6.052.983	0	5.015.500	0	7.429.882	0	12.445.382
425220	Банкарска провизија		14.500	0	18.500	0	0	0	18.500
425230	Осигурување на вработени (несреќи; живот)		187.000	0	210.000	0	0	0	210.000

Програма / Подпрограма / Категорија / Ставка / Потставка	О П И С	2006 Завршна сметка	2007 Предходен буџет	Буџет	Расходи од самофин. активности	Расходи од донации	Расходи од дотации	Расходи од кредити	ВКУПНИ РАСХОДИ
				Б У Џ Е Т 2008					
425250	Осигурување на недвижности и права		60.000	0	360.000	0	283.000	0	643.000
425290	Други финансиски услуги		60.000	0	92.000	0	0	0	92.000
425310	Правни услуги		30.000	0	35.000	0	0	0	35.000
425490	Други здравствени услуги		20.000	0	60.000	0	20.000	0	80.000
425750	Услуги за вонучилишни образовни активности		92.000	0	195.000	0	12.000	0	207.000
425760	Превозни услуги во образованието		3.966.514	0	2.150.000	0	6.986.816	0	9.136.816
425790	Други образовни услуги		620.000	0	1.385.000	0	0	0	1.385.000
425920	Услуги за копирање, печатење и издавање		15.200	0	20.000	0	15.200	0	35.200
425990	Други договорни услуги		987.769	0	490.000	0	112.866	0	602.866
426	Други тековни расходи		513.259	5.000	389.000	0	135.759	0	529.759
426210	Расходи за репрезентација		0	5.000	0	0	0	0	5.000
426990	Други оперативни расходи		513.259	0	389.000	0	135.759	0	524.759
48	**КАПИТАЛНИ РАСХОДИ**		**4.068.556**	**6.100.000**	**310.000**	**0**	**10.000**	**0**	**6.420.000**
482	Други градежни објекти		3.800.000	5.800.000	0	0	0	0	5.800.000
482930	Реконструкција на други објекти		3.800.000	5.800.000	0	0	0	0	5.800.000
483	Купување на мебел, опрема, возила и машини		268.556	300.000	310.000	0	10.000	0	620.000
483110	Купување на канцелариски мебел		50.000	0	0	0	0	0	0
483120	Купување на училишен мебел		100.000	0	280.000	0	0	0	280.000
483240	Купување на информатичка и видео опрема		118.556	0	20.000	0	10.000	0	30.000
483290	Купување на друга опрема		0	300.000	10.000	0	0	0	310.000
N2	СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ		38.723.209	450.000	16.151.980	0	89.713.700	0	106.315.680
40	**ПЛАТИ, НАЕМНИНИ И НАДОМЕСТОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ**		**18.567.502**	**0**	**0**	**0**	**80.500.893**	**0**	**80.500.893**
401	Основни плати и надоместоци		13.015.623	0	0	0	56.253.987	0	56.253.987
401130	Основни плати - други вработени		10.137.348	0	0	0	44.338.630	0	44.338.630
401310	Надомест за превоз до и од работното место		188.480	0	0	0	741.449	0	741.449
401320	Надомест за храна		1.595.285	0	0	0	6.340.358	0	6.340.358
401510	Персонален данок на доход од плата		1.094.510	0	0	0	4.833.550	0	4.833.550
402	Придонеси за социјално осигурување од работодавачите		5.518.680	0	0	0	24.101.603	0	24.101.603
402110	Основни придонеси за ПИО		3.601.213	0	0	0	15.726.703	0	15.726.703
402190	Други придонеси за ПИО		0	0	0	0	0	0	0
402210	Основни придонеси за здравство		1.562.656	0	0	0	6.824.485	0	6.824.485
402220	Основен придонес за професионално заболување		82.995	0	0	0	363.285	0	363.285
402290	Други придонеси за Фондот за здравство		18.898	0	0	0	0	0	0
402310	Основни продонеси до Агенцијата за вработување		252.918	0	0	0	1.187.130	0	1.187.130
403	Останати придонеси од плати		33.199	0	0	0	145.303	0	145.303
403110	Придонес за водоснабдување		33.199	0	0	0	145.303	0	145.303
42	**СТОКИ И УСЛУГИ**		**18.457.707**	**10.000**	**14.072.480**	**0**	**9.212.807**	**0**	**23.295.287**
420	Патни и дневни расходи		537.000	0	590.000	0	0	0	590.000
420110	Патување во земјата - хранарина (дневница)		184.000	0	190.000	0	0	0	190.000

Програма Подпрограма Категорија Ставка Потставка	О П И С	2006 Завршна сметка	2007 Предходен буџет	Буџет	Расходи од самофин. активности	Расходи од донации	Расходи од дотации	Расходи од кредити	ВКУПНИ РАСХОДИ
				Б У Џ Е Т 2008					
420120	Патување во земјата - патни расходи		319.000	0	350.000	0	0	0	350.000
420130	Патување во земјата - сместување		34.000	0	50.000	0	0	0	50.000
421	Комунални услуги,греење, комуникација и транспорт		7.481.254	0	884.000	0	8.781.612	0	9.665.612
421110	Електрична енергија		1.101.311	0	210.000	0	827.794	0	1.037.794
421120	Водовод и канализација		356.766	0	115.000	0	231.766	0	346.766
421130	Ѓубретарина		113.906	0	0	0	93.906	0	93.906
421240	Течни горива		5.311.899	0	0	0	7.545.774	0	7.545.774
421310	Пошта		23.000	0	35.000	0	0	0	35.000
421320	Телефон и телефакс		404.372	0	324.000	0	82.372	0	406.372
421410	Горива и масла (моторни возила)		150.000	0	170.000	0	0	0	170.000
421420	Регистрација на моторни возила		20.000	0	30.000	0	0	0	30.000
423	Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки		2.366.110	5.000	2.468.000	0	125.546	0	2.598.546
423110	Канцелариски материјали		540.117	0	534.500	0	50.117	0	584.617
423120	Списанија; весници и други изданија за користење од страна на вработените		98.103	0	110.000	0	3.103	0	113.103
423310	Униформи		10.000	0	80.000	0	0	0	80.000
423410	Прехранбени продукти и пијалоци		15.000	0	20.000	0	0	0	20.000
423610	Наставно-образовни помагала		130.000	0	50.000	0	0	0	50.000
423620	Училишни материјали		256.204	0	360.000	0	6.204	0	366.204
423710	Средства за одржување на хигиена		229.155	0	245.000	0	52.173	0	297.173
423720	Ситен инвентар; алат и други материјали за поправка		463.949	0	390.000	0	13.949	0	403.949
423990	Други материјали		623.582	5.000	678.500	0	0	0	683.500
424	Поправки и тековно одржување		1.202.826	0	1.101.500	0	217.272	0	1.318.772
424110	Поправки и сервисирање на лесни возила (вклучув. резервни делови, гуми)		80.000	0	40.000	0	0	0	40.000
424210	Одржување на згради		639.826	0	494.500	0	157.272	0	651.772
424230	Дезинфекција; дезинсекција и дератизација		23.000	0	42.000	0	10.000	0	52.000
424420	Поправки и одржување на софтверска и хардверска опрема		195.000	0	205.000	0	50.000	0	255.000
424430	Поправки и одржување на опрема		265.000	0	320.000	0	0	0	320.000
425	Договорни услуги		6.150.517	0	8.249.980	0	88.377	0	8.338.357
425130	Изнајмување на друг тип на простор		0	0	20.000	0	0	0	20.000
425140	Изнајмување на канцелариска опрема		30.000	0	0	0	0	0	0
425230	Осигурување на вработени (несреќи; живот)		110.000	0	160.000	0	0	0	160.000
425250	Осигурување на недвижности и права		510.000	0	364.500	0	30.000	0	394.500
425290	Други финансиски услуги		36.000	0	130.480	0	0	0	130.480
425310	Правни услуги		15.000	0	15.000	0	0	0	15.000
425490	Други здравствени услуги		42.000	0	50.000	0	0	0	50.000
425730	Инструктори на кратки курсеви		87.276	0	0	0	0	0	0
425750	Услуги за вонучилишни образовни активности		3.806.000	0	6.231.000	0	0	0	6.231.000

Програма / Подпрограма / Категорија / Ставка / Потставка	О П И С	2006 Завршна сметка	2007 Предходен буџет	Буџет	Расходи од самофин. активности	Расходи од донации	Расходи од дотации	Расходи од кредити	ВКУПНИ РАСХОДИ
				Б У Џ Е Т 2008					
425760	Превозни услуги во образованието		155.000	0	189.000	0	0	0	189.000
425790	Други образовни услуги		470.000	0	70.000	0	0	0	70.000
425920	Услуги за копирање, печатење и издавање		10.000	0	820.000	0	0	0	820.000
425990	Други договорни услуги		879.241	0	200.000	0	58.377	0	258.377
426	Други тековни расходи		720.000	5.000	779.000	0	0	0	784.000
426210	Расходи за репрезентација		0	5.000	0	0	0	0	5.000
426990	Други оперативни расходи		720.000	0	779.000	0	0	0	779.000
46	**СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ**		**0**	**40.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**40.000**
464	Разни трансфери		0	40.000	0	0	0	0	40.000
464990	Други трансфери		0	40.000	0	0	0	0	40.000
48	**КАПИТАЛНИ РАСХОДИ**		**1.698.000**	**400.000**	**2.079.500**	**0**	**0**	**0**	**2.479.500**
482	Други градежни објекти		200.000	400.000	0	0	0	0	400.000
482930	Реконструкција на други објекти		200.000	400.000	0	0	0	0	400.000
483	Купување на мебел, опрема, возила и машини		1.498.000	0	2.079.500	0	0	0	2.079.500
483120	Купување на училишен мебел		422.000	0	530.000	0	0	0	530.000
483240	Купување на информатичка и видео опрема		10.000	0	10.000	0	0	0	10.000
483290	Купување на друга опрема		900.000	0	509.500	0	0	0	509.500
483310	Купување на моторни возила		0	0	900.000	0	0	0	900.000
483510	Книги за библиотеки и учебници		166.000	0	130.000	0	0	0	130.000
N3	ПРЕВОЗ НА УЧЕНИЦИ ОД ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ		2.993.668	0	0	0	0	0	0
42	**СТОКИ И УСЛУГИ**		**2.993.668**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**
425	Договорни услуги		2.993.668	0	0	0	0	0	0
425760	Превозни услуги во образованието		2.993.668	0	0	0	0	0	0

Програма / Подпрограма / Категорија / Ставка / Потставка	О П И С	2006 Завршна сметка	2007 Предходен буџет	Буџет	Расходи од самофин. активности	Расходи од донации	Расходи од дотации	Расходи од кредити	ВКУПНИ РАСХОДИ
				Б У Џ Е Т 2008					
R	**ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРИРОДА**		**0**	**490.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**490.000**
ПРИХОДИ :									
R1	ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРИРОДА		0	490.000	0	0	0	0	490.000
РАСХОДИ :									
42	**СТОКИ И УСЛУГИ**		**0**	**490.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**490.000**
423	Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки		0	200.000	0	0	0	0	200.000
424	Поправки и тековно одржување		0	150.000	0	0	0	0	150.000
425	Договорни услуги		0	105.500	0	0	0	0	105.500
426	Други тековни расходи		0	34.500	0	0	0	0	34.500
R1	ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРИРОДА		0	490.000	0	0	0	0	490.000
42	**СТОКИ И УСЛУГИ**		**0**	**490.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**490.000**
423	Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки		0	200.000	0	0	0	0	200.000
423990	Други материјали		0	200.000	0	0	0	0	200.000
424	Поправки и тековно одржување		0	150.000	0	0	0	0	150.000
424390	Одржување на други градби		0	150.000	0	0	0	0	150.000
425	Договорни услуги		0	105.500	0	0	0	0	105.500
425310	Правни услуги		0	15.500	0	0	0	0	15.500
425610	Услуги за заштита на водите; реките и езерата		0	40.000	0	0	0	0	40.000
425630	Испитување на кавалитетот на водите и воздухот		0	50.000	0	0	0	0	50.000
426	Други тековни расходи		0	34.500	0	0	0	0	34.500
426990	Други оперативни расходи		0	34.500	0	0	0	0	34.500

Програма / Подпрограма / Категорија / Ставка / Потставка	О П И С	2006 Завршна сметка	2007 Предходен буџет	Буџет 2008 Буџет	Расходи од самофин. активности	Расходи од донации	Расходи од дотации	Расходи од кредити	ВКУПНИ РАСХОДИ
W	**ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА**		**10.668.300**	**2.300.000**	**0**	**0**	**9.969.500**	**0**	**12.269.500**
	ПРИХОДИ :								
W0	ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА		10.668.300	2.200.000	0	0	9.969.500	0	12.169.500
WÀ	ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА (КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ)		0	100.000	0	0	0	0	100.000
	РАСХОДИ :								
40	**ПЛАТИ, НАЕМНИНИ И НАДОМЕСТОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ**		**9.098.300**	**0**	**0**	**0**	**9.969.500**	**0**	**9.969.500**
401	Основни плати и надоместоци		6.126.898	0	0	0	6.664.834	0	6.664.834
402	Придонеси за социјално осигурување од работодавачите		2.963.302	0	0	0	3.287.262	0	3.287.262
403	Останати придонеси од плати		8.100	0	0	0	17.404	0	17.404
42	**СТОКИ И УСЛУГИ**		**1.570.000**	**2.200.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**2.200.000**
420	Патни и дневни расходи		0	100.000	0	0	0	0	100.000
421	Комунални услуги,греење, комуникација и транспорт		1.012.000	1.080.000	0	0	0	0	1.080.000
423	Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки		348.000	340.000	0	0	0	0	340.000
424	Поправки и тековно одржување		140.000	650.000	0	0	0	0	650.000
425	Договорни услуги		35.000	0	0	0	0	0	0
426	Други тековни расходи		35.000	30.000	0	0	0	0	30.000
48	**КАПИТАЛНИ РАСХОДИ**		**0**	**100.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**100.000**
483	Купување на мебел, опрема, возила и машини		0	100.000	0	0	0	0	100.000
W0	ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА		10.668.300	2.200.000	0	0	9.969.500	0	12.169.500
40	**ПЛАТИ, НАЕМНИНИ И НАДОМЕСТОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ**		**9.098.300**	**0**	**0**	**0**	**9.969.500**	**0**	**9.969.500**
401	Основни плати и надоместоци		6.126.898	0	0	0	6.664.834	0	6.664.834
401130	Основни плати - други вработени		3.624.500	0	0	0	3.943.784	0	3.943.784
401230	Плата за работа во ноќна смена		1.208.060	0	0	0	1.470.317	0	1.470.317
401310	Надомест за превоз до и од работното место		118.800	0	0	0	118.800	0	118.800
401320	Надомест за храна		632.500	0	0	0	632.500	0	632.500
401390	Други надоместоци		2.178	0	0	0	0	0	0
401510	Персонален данок на доход од плата		540.860	0	0	0	499.433	0	499.433
402	Придонеси за социјално осигурување од работодавачите		2.963.302	0	0	0	3.287.262	0	3.287.262
402110	Основни придонеси за ПИО		1.298.064	0	0	0	1.843.631	0	1.843.631
402120	Придонес за бенифициран стаж		423.136	0	0	0	460.908	0	460.908
402190	Други придонеси за ПИО		358.391	0	0	0	0	0	0
402210	Основни придонеси за здравство		541.431	0	0	0	800.066	0	800.066
402220	Основен придонес за професионално заболување		39.876	0	0	0	43.515	0	43.515
402290	Други придонеси за Фондот за здравство		177.320	0	0	0	0	0	0
402310	Основни продонеси до Агенцијата за вработување		94.161	0	0	0	139.142	0	139.142

Програма / Подпрограма / Категорија / Ставка / Потставка	О П И С	2006 Завршна сметка	2007 Предходен буџет	Буџет 2008	Расходи од самофин. активности	Расходи од донации	Расходи од дотации	Расходи од кредити	ВКУПНИ РАСХОДИ
402390	Други придонеси до Агенцијата за вработување		30.923	0	0	0	0	0	0
403	Останати придонеси од плати		8.100	0	0	0	17.404	0	17.404
403110	Придонес за водоснабдување		8.100	0	0	0	17.404	0	17.404
42	**СТОКИ И УСЛУГИ**		**1.570.000**	**2.200.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**2.200.000**
420	Патни и дневни расходи		0	100.000	0	0	0	0	100.000
420130	Патување во земјата - сместување		0	100.000	0	0	0	0	100.000
421	Комунални услуги,греење, комуникација и транспорт		1.012.000	1.080.000	0	0	0	0	1.080.000
421110	Електрична енергија		155.000	150.000	0	0	0	0	150.000
421120	Водовод и канализација		22.000	20.000	0	0	0	0	20.000
421240	Течни горива		468.000	450.000	0	0	0	0	450.000
421320	Телефон и телефакс		77.000	100.000	0	0	0	0	100.000
421410	Горива и масла (моторни возила)		230.000	300.000	0	0	0	0	300.000
421420	Регистрација на моторни возила		60.000	60.000	0	0	0	0	60.000
423	Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки		348.000	340.000	0	0	0	0	340.000
423310	Униформи		240.000	290.000	0	0	0	0	290.000
423720	Ситен инвентар; алат и други материјали за поправка		10.000	0	0	0	0	0	0
423910	Други материјали за специјална намена		88.000	50.000	0	0	0	0	50.000
423990	Други материјали		10.000	0	0	0	0	0	0
424	Поправки и тековно одржување		140.000	650.000	0	0	0	0	650.000
424110	Поправки и сервисирање на лесни возила (вклучув. резервни делови, гуми)		20.000	0	0	0	0	0	0
424120	Поправки и сервисирање на товарни возила		120.000	500.000	0	0	0	0	500.000
424210	Одржување на згради		0	150.000	0	0	0	0	150.000
425	Договорни услуги		35.000	0	0	0	0	0	0
425990	Други договорни услуги		35.000	0	0	0	0	0	0
426	Други тековни расходи		35.000	30.000	0	0	0	0	30.000
426990	Други оперативни расходи		35.000	30.000	0	0	0	0	30.000
WÀ	ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА (КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ)		0	100.000	0	0	0	0	100.000
48	**КАПИТАЛНИ РАСХОДИ**		**0**	**100.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**100.000**
483	Купување на мебел, опрема, возила и машини		0	100.000	0	0	0	0	100.000
483210	Купување на канцелариска опрема		0	100.000	0	0	0	0	100.000

Број 0701-5539/1
26.12.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски,с.р.

233.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2008 година

Се објавува Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2008 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 26.12.2007 година.

Број 0801-5590/2
27.12.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.5/02), член 23 став 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр. (61/04, 96/04 и 67/07) и член 46, став 1, од Статутот на Општина Велес (“Службен гласник на Општината Велес” бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 26.12.2007 година, донесе

О Д Л У К А
за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2008 година

Член 1

Буџетот на Општина Велес за 2008 година (во понатамошниот текст Буџетот), се извршува според одредбите на оваа Одлука.

Член 2

Буџетот на Општината се состои од: Основен буџет; Буџет на самофинансирачки

Член 3

Корисниците на средствата на Буџетот се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално и економично.

Член 4

Расходите утврдени со буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да преземаат обврски.

За да се преземат нови обврски до Советот на општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи во сразмерен износ.

Член 5

Градоначалникот на општината ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи на основниот буџет на општината.

Доколку во текот на годината очекуваните приходи и други приливи се реализираат на:

-пониско ниво од одобрениот план, но не повеќе од 5%, Градоначалникот ги намалува одобрените средства на основниот буџет;

-повисоко ниво од одобрениот план, но не повеќе од 5%, Градоначалникот може да изврши дополнителни отплати на главнина и камати;

-односно отстапувањето на планот на приходите и другите приливи е повисоко од 5%, Градоначалникот доставува измени и дополнувања на буџетот на општината, до Советот на општината.

Член 6

Пренамената во рамките на одобрените буџети на буџетските корисници ја одобрува советот на општината.

Во рамките на расходите утврдени во Буџетот на буџетскиот корисник, корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки, програми и потпрограми по претходно одобрување од Советот на општината.

По исклучок буџетскиот корисник не може да врши пренамени на Буџетот со кој се: зголемува буџетот одобрен за плати и надоместоци и намалуваат одобрените средства за одредени капитални програми.

Член 7

Буџетските корисници, во услови кога во буџетот на самофинансирачки активности; буџетот на донации и/или буџетот на дотации, планираните приходи и други приливи не се реализираат односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување/зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои Градоначалникот ги доставува до советот на општината на одобрување.

Член 8

Буџетските корисници по усвојувањето на буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства. Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансискиот план по месеци.

Член 9

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во буџетот, односно нето платите се утврдуваат за:

- на избраните и именуваните лица нето платата ќе се исплатува согласно утврдениот коефициент по закон, применет на основа на исплатената просечна месечна нето плата по вработен во Републиката за претходната година;

-за вработените кои имаат статус на државни службеници вредноста на бодот за утврдување на нето платите до 31.08.2008 година изнесува 44,11 денари;

Зголемувањето на платите за 10% согласно одредбите од законот на избраните и именованите лица, државните службеници и вработените од општинската администрација чија плата се исплатува согласно Законот за работните односи ќе се врши од 01.09.2008 година.

Член 10

Платите на вработените во локалните јавни установи за 2008 година ќе се иплатуваат согласно утврдените коефициенти и утврдената вредност на бодот утврден со потпишаните колективни договори со ресорните министарства, а зголемувањето од 10 %, ќе се раализира од 01.09.2008 година.

Член 11

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи, кои се финансираат со блок дотации ќе се спроведува на следниов начин:

-Средствата ќе се планираат на наменската сметка – дотации(930), а ќе се извршуваат преку сметката – дотации на локалните јавни установи(903).

- Локалните јавни установи финансирани со блок дотациите од општинскиот Буџет се должни во рок од два дена пред исплатата на платите на вработените до Општината да достават барање за одобрување на средства за плати кон кое ќе ги приложат обрасците (ПДД-МП и МП –1, копија од рекапитулација за пресметани нето и бруто плати, образец Ф-1 за бројот на вработените по име и презиме, бруто и нето плата) за месецот за кој се однесува платата.

-Во случај на нови вработувања во локалните јавни установи кои се финансираат од општинскиот Буџет се должни да достават известување за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М –1.

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи кои се финансираат од општинскиот Буџет ја контролира и одобрува Министерството за финансии.

Градоначалникот на општината е должен одделните пресметки на локалните јавни установи да ги достави до ресорното Министерство од кое ќе се трансферира блок дотацијата.

Ресорните Министерства доставените пресметки за исплата на бруто плати и надоместоци го доставуваат до Министерството за финансии за контрола и евиденција.

Член 12

Месечниот надоместок за присуство на седници на членовите на Советот изнесува 70% од просечната месечна плата во Републиката исплатена за претходната година.

На претседателот на Советот, за раководење и организирање на работата на Советот му се определува надоместок, зголемен за 30% од утрдениот надоместок од став 1 на овој член.

Член 13

Надоместокот за превоз до и од работно место, по претходно дадена писмена изјава, се исплатува само за вработените чие место на живеење е оддалечено над 2,5км од работното место во висина на цената на јавниот превоз, но не повеќе од 900 денари.

На вработените на кои врз основа на официјално одобрение им е дозволено да користат службени возила за личен превоз до и од работното место не им следува надоместок за превоз.

Член 14

Надоместокот за оброк ќе се исплатува во согласност со член 62 од Законот за државни службеници (“Службен весник на РМ” бр.108/05).

Член 15

Надоместокот за дневница за службено патување во Републиката без трошоците за ноќевање изнесува 800 денари.

Доколку патувањето траело повеќе од 12 часа се исплатува цела дневница.

За патување во траење од 8 до 12 часа се исплатува 50% од утврдениот износ во ставот 1 од овој член.

Член 16

За деновите кога вработениот е на службен пат, боледување, годишен одмор или отсуство од работа по друг основ надоместокот за превоз и храна не се исплатуваат.

Член 17

Во случај на боледување подолго од шест месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита и спасување, и други случаи на работникот му се исплатува помош во висина од една последно исплатена просечна месечна плата во органот каде што е вработен.

Член 18

Користењето на средствата од Буџетот на општината за вршење на функциите на буџетските корисници се реализираат со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

.

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди во случај кога за расходите неможе да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи до 100 евра каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

Член 19

За средствата утврдени во буџетот на општината во рамките на резервите (постојана и тековна буџетска резерва), одлучува Советот на општината а ги извршува Градоначалникот. За искористените средства Градоначалникот е должен да поднесе Годишен извештај за користењето на средствата од резервите.

За користење на средства од резервите до износ најмалку до 50.000 денари одлучува Градоначалникот.

Член 20

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во поодделните програми потпрограми ги извршува Градоначалникот на Општината.

Член 21

Буџетските корисници можат да вработуваат нови работници и да пополнуваат испразнети работни места само под услов, ако за тоа се обезбедени средства во Буџетот на Општината. За обезбедените средства градоначалникот на Општината дава писмено известување за обезбедените средства, по претходно дадено позитивно мислење од Агенцијата за државни службеници на актот за систематизација.

Член 22

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно, на повеќе уплатени, односно наплатени приходи се врши со решение на Градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

Член 23

Буџетот на Општина Велес се извршува од 01.01.2008 до 31.12.2008 година.

Член 24

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес", а ќе се применува од 01 Јануари 2008 година.

Број 0701-5539/2
26.12.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

234.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште

Се објавува Одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 26.12.2007 година.

Број 0801-5590/16
27.12.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.12/06), а согласно глава V од Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2007 година („Сл.гласник на Општина Велес" бр.22/06,5/07),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 26.12.2007 година, донесе

ОДЛУКА
за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште

Член 1

Градителот Министерство за култура - Скопје се ослободува од плаќање на надоместок

за уредување на градежно земјиште за изградба на објект Театар во износ од 5.406.141,оо денари.

Член 2

Локацијата на објектот Театар од претходниот член на оваа Одлука е на улица „Благој Ѓорев“ бб. на КП бр.1853 - дел, 1855 - дел за КО Велес.

Член 3

Опремувањето со комунална инфраструктура до градежната парцела е обврска на градителот - Министерство за култура - Скопје.

Член 4

Со влегувањето во сила на ова Одлука, престанува да важи Одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на нов објект Театар во град Велес објавена во „Службен гласник на Општина Велес“ бр.05/04.

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-5539/16
26.12.2007 година
В е л е с

Претседател
на Совет на Општина Велес,
Трајко Бабунски,с.р.

235.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за измена и дополнување на Одлуката за утврдување намена и начин на користење на објект - Ликовен салон

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за утврдување намена и начин на користење на објект - Ликовен салон, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 26.12.2007 година.

Број 0801-5590/17
27.12.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. весник на РМ" бр. 5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 26.12. 2007 година, донесе

О Д Л У К А
за измена и дополнување на Одлуката за утврдување намена и начин на користење на објект Ликовен салон

Член 1

Во Одлуката за утврдување намена и начин на користење на објект Ликовен салон („Сл.гласник на Општина Велес“ бр. 19/06) се врши измена во член 7, во став 2 каде бројот „800“ се брише и се заменува со бројот „300“, а текстот до крајот на реченицата се брише.

Во став 3 на овој член зборовите „Матична служба при МВР СВР-Велес“ се бришат и се заменуваат со „Центар за информирање на граѓаните при Општина Велес“.

Член 2

Во член 8, став 1 зборовите „исплата на ангажираните лица за склучување на граѓанскиот брак како и за“ се бришат, а текстот од ставот 2 на овој член во целост се брише.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-5539/17
26.12.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес
Трајко Бабунски,с.р.

236.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за давање на користење на недвижен имот сопственост на Општина Велес на ОССУ „Коле Неделковски“ Велес

Се објавува Одлуката за давање на користење на недвижен имот сопственост на Општина Велес на ОССУ „Коле Неделковски“

Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 26.12.2007 година.

Број 0801-5590/18
27.12.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. весник на РМ" бр. 5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 26.12. 2007 година, донесе

О Д Л У К А
за давање на користење на недвижен имот сопственост на Општина Велес на ОССУ„Коле Неделовски“ Велес

Член 1

Општина Велес е сопственик на недвижен имот – објект кој се наоѓа на ул.„Андон Шурков“ , со површина под објект од 3399м2 и двор од 19327м2, заведен на КП 16904 за КО Велес во ИЛ 25825.

Член 2

Недвижниот имот опишан во член 1 на оваа Одлука се дава на користење на Општинското средно стручно училиште„Коле Неделковски“ Велес.

Член 3

Во состав на објектот покрај работните канцеларии, училници и наставни кабинети има сала за спортување, полигон и други простории кои не се користат за редовна настава.

Член 4

За изведување на радовна настава корисникот ќе ги користи работните простории со инвентарот кој е ставен на располагање, согласно Програмата за работа на училиштето.
Просториите како салата за спортување, полигонот и други простори, корисникот може да ги издава на правни или физички лица со цел да се задржи намената на просторот кои се издава.

Член 5

Просторот може да се издава на начин и постапка која ќе биде спроведена транспарентно и јавно. По завршување на постапката и изборот на најповолен понудувач корисникот ќе потпише договор за користење и ќе го извести сопственикот за извршениот избор.

Член 6

Издавањето на просториите ќе биде со утврден надоместок, за кој согласност ќе даде Училишниот одбор на корисникот.

Средствата прибрани од издавањето на просторот ќе се користат за тековно одржување на објектот.

Член 7

За начинот на користење на просториите од страна на други лица, корисникот е должен да води посебна евиденција и до сопственикот еднаш годишно да доставува извештај за начинот на користење на просториите со друга намена.

Член 8

Оваа Одлука ќе биде правен основ за упис на правото на користење на предметниот објект при надлежниот орган за упис на недвижности.

Член 9

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-5539/18
26.12.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес
Трајко Бабунски,с.р.

237.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување на Програма за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес во 2008 година

Се објавува Заклучокот за донесување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес во 2008 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 25.12.2007 година.

Број 0801-5590/3
27.12.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на член 43, став 1, точка 2 од Законот за градежно земјиште („Сл.весник на РМ“ бр.53/01), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 25.12.2007 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување на Програма за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес во 2008 година

1. Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес во 2008 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-5539/3
25.12.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски,с.р.

Врз основа на член 43 од Законот за градежно земјиште ("Сл. весник на РМ"бр. 53/2001), а согласно Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост ("Сл. весник на РМ" бр. 80/01 и 85/01), член 22 став 1 точка 1 и 2 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес ("Сл. гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 25. 12.2007 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА НА ПРОСТОРОТ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС ВО 2008 ГОДИНА

ВОВЕД
Со оваа Програма се уредува:

I.Просторот кој е предмет на уредување,
II.Обемот на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште,
III.Обемот и степенот на опремување на градежно земјиште со објекти на основната и секундарната инфраструктура,
IV.Изворите за финансирањето на Програмата,
V.Пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште,
VI.Висина на надоместокот за уредување на градежно земјиште и неговата распределба,
VII.Начин на распределба на средствата за финансирање за изградба и одржување на инфраструктурата,
VIII.Средства наменети за изработка на урбанистички планови и средства за изработка на документација за градење на инфраструктурни објекти,
IX.Динамика на извршување на Програмата,
X.Преодни и завршни одредби.

I.ПРОСТОРОТ КОЈ Е ПРЕДМЕТ НА УРЕДУВАЊЕ

Како простор кој е предмет на уредување со поблиско определување на земјиштето што се уредува се смета, изграденото и неизграденото земјиште на просторот на Општина Велес, прогласен како градежен реон.

II.ОБЕМОТ НА РАБОТИТЕ ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ И РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Под обем на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште се подразбира:
II-1.Подготвителни работи и
II-2.Расчистување на градежното земјиште.

II-1.ПОДГОТВИТЕЛНИ РАБОТИ
Под подготвителни работи се подразбира:
-Оформување на геодетска документација.
-Извршување на основни геомеханички испитувања за градежни парцели каде ќе се градат објекти од комуналната инфраструктура.

II -2.РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ
Расчистувањето на градежното земјиште на градежните парцели е со цел да се изврши опремување на градежната парцела со објекти од комуналната инфраструктура.
Под расчистување на градежно земјиште на градежната парцела се смета:
-Решавање на имотно правните односи.
-Решавање на станбените прашања на сопствениците кои живеат или вршат дејност како физичко лице во објектите што се уриваат.
-Уривање на постојните градежни и други објекти на градежното земјиште (градежна парцела) и селидба на сопствениците со пренесување на покуќнината и опремата, уривање на објектите со транспорт на материјалот од уривањето до депо.

III.ОБЕМОТ И СТЕПЕНОТ НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ СО ОБЈЕКТИТЕ НА ОСНОВНАТА И СЕКУНДАРНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

Под обем на опремување на градежното земјиште се подразбира изградба на објекти на инфраструктурата, заради непречен пристап до градежната парцела од јавен пат, поставување: водоводна, канализациона (фекална и атмосферска), нисконапонска електрична, ТТ и друга мрежа со приклучоци до градежната парцела.

Опремувањето на градежното земјиште може да биде извршено целосно или делумно, во минатиот период или во моментот кога се уредува.

Под степен на опремување на градежното земјиште се подразбира степенот на опременост на земјиштето со објекти од комуналната инфраструктура за задоволување на заедничката и индивидуалната комунална потрошувачка, до границите на градежната парцела.

Степенот на уреденост на градежното земјиште може да биде основен, повисок или понизок од основниот.

I II-1Основен степен на уреденост претставува опременост со :

-изградба на непречен пристап до градежната парцела од јавен пат;

-изградба на електрична мрежа;

-изградба на водоводна мрежа и

-изградба на фекална канализација.

I II-2 Дополнителна опременост на земјиштето:

-изградба на ПТТ мрежа;

-изградба на улици, тротоари, паркинзи, пешачки патеки и други површини (јавно зеленило, детски игралишта, спортски терени и др.) согласно урбанистичките планови;

-изградба на атмосферска канализација и

-изградба на јавно осветлување.

Секој вид од објектите од III -1 и III -2 претставува еден степен на уреденост на градежното земјиште, па доколку земјиштето е опремено со повеќе објекти од основниот степен на уреденост претставува земјиште со повисок степен на опременост. И обратно ако земјиштето е опремено со помалку објекти од основниот степен на уреденост претставува земјиште со понизок степен на опременост.

III-3 Опремување со објекти од комуналната инфраструктура до градежната парцела:

а)Опремување со објекти од комуналната инфраструктура за заедничка комунална потрошувачка во кои спаѓаат:

-основни градски сообраќајници (примарни и секундарни);

-непречен пристап до градежната парцела од јавен пат;

-магистрални и примарни водови за довод на вода заедно со пратечки објекти;

-магистрални и примарни водови за одвод на фекална и атмосферска вода заедно со пратечки објекти

-градски плоштади и јавни прометни површини (улици, тротоари, пешачки и други површини согласно урбанистички планови);

- изградба на јавно осветлување и

-изградба на јавно зеленило.

Овие елементи претставуваат претходни вложувања за опремувањето на градежното земјиште, а учествуваат со 20 % од надоместокот за уредување на градежното земјиште.

б)Индивидуална комунална потрошувачка за кои е извршено или ќе се изврши:

-изградба на секундарна водоводна мрежа до водомерна шахта;

-изградба на секундарна фекална мрежа до последната шахта;

-изградба на секундарна нисконапонска електрична мрежа, до и со приклучен орман за индивидуални станбени згради и со разводен орман за колективни станбени згради;

-изградба на секундарни ТТ-мрежи до приклучен орман;

Трошоците за уредувањето на градежното земјиште, до градежната парцела која е доделена на користење, согласно склучените договори со корисниците, ги плаќа Општина Велес, со едно приклучно место за секој објект од инфраструктурата за една градежна парцела.

Трошоците за уредување на градежното земјиште до градежната парцела согласно склучен договор со Општината може да ги плати и инвеститорот, правно или физишко лице.

Целосното уредување на градежното земјиште, се врши по обезбедувањето на правни, технички услови и материјални средства.

III-4 Опремување со објекти од комунална инфраструктура во границите на градежната парцела:

-Уредувањето на градежното земјиште во границите на градежната парцела со комунална и сообраќајна инфраструктура и партерно уредување го врши корисникот на земјиштето (инвеститор).

-Проектирањето и изградбата на инфраструктурната мрежа за висок напон, друга инсталација и објекти, трафостаници или учеството во нив, корисникот на земји-штето го регулира согласно енергетската согласност издадена од ЈП "Електростопанство на РМ"

-Доколку изградените објекти од комуналната инфраструктура остануваат во границите на градежната парцела на корисникот и под објектите што ќе ги гради, корисникот на земјиштето мора да побара писмена согласност од надлежниот општински орган, кој дава согласност по мислење од соодветното комунално претпријатие.

Трошоците за заштита на тие објекти ги сноси корисникот на земјиштето.

-Трошоците за преместување на постојните објекти од комуналната инфраструктура што пречат за изградба и користење на објектите што ги сноси корисникот на земјиштето, со исклучок на трошоците за преместување на постојните инфраструктурни инсталации што пречат за изградба и користење на објектите изградени без согласност на надлежниот општински орган.

Трошоците за расчистување на градежното земјиште и геомеханичките испитувања ги сноси корисникот на земјиштето. Исто така, корисникот на земјиштето е должен да ги надомести на Општината, порано направените трошоци за расчистување на градежната парцела.

I

V. ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

А.Извори на финансирање

	ПРИХОДИ	ден.
1	Средства од надоместок за уредување на градежно земјиште од корисници на земјиште за изградба на објекти	35.000.000,00
2	Средства од надоместок за користење на такси станици	400.000,00
	и автобуски постројки	
3	Средства од надоместок за користење на рекламни паноа	1.600.000,00
4	Средства од надоместок за користење на јавно прометни површини	1.500.000,00
5	Средства од републиката:	
	? средства од фондот за магистрални и регионални патишта	10.000.000,00
	? други средства од републиката	5.000.000,00
6	Средства од буџетот на општината	8.580.000,00
7	Приходи од јавно осветлување	21.000.000,00
8	Средства од користење на јавни паркиралишта	2.000.000,00
	ВКУПНО 1-8:	**85.080.000,00**

б.) Трошоците за реализација, според намената и поедини видови елементи за уредување на Општина Велес се:

	Р А С Х О Д И	
Ф	**Урбано планирање**	**22.080.000,00**
Ф1	**Урбанистичко планирање**	**5.300.000,00**
1	ГУП, ДУП, УП за село, УП вон населено место -Урбанистичко архитектонски проекти	2.500.000,00
2	Проекти за инфраструктура : улици, водоводи, фекална канализација , атмос. Канализација и електро проекти за НН мрежи и трафостаници -Студија за атмосверска канализација -Главен проект за железен мост со пешачка патека, колско пешачки сообраќај и рампа -Главен проект за надвозник - Градски парк -Изработка на комплетен проект за инфраструктура на простор предвиден за објекти финансирани преку Хабитат -Геомеханички и хидролошки испитувања -Проекти за сообраќајни решенија	1.800.000,00
3	Геодетски услуги (протоколи, нумерички и ажурирани пологи)	1.000.000,00

Ф2	**Одржување на улици**	**6.510.000,00**
1	Наум Наумовски Борче асфалтирање	900.000,00
2	Сутјеска- асфалтирање	350.000,00
3	Камени коцки- прередување (ул.Вера Циривири, ул.Орце Шутев, ул.Максим Горки, ул.Кирил и Методиј, ул. Кукушка, спој на ул.Ѓорѓи Димитров и ул.Богдан Каракостев, ул.Браќа Поп Јорданови од спој со Љубен Весов и др.)	1.000.000,00
4	Обиколен пат Велес-Башино село (асфалтирање)	1.000.000,00
5	Бетонирање на два крака на ул.Енгелсова во должина од 90	150.000,00
6	Асфалтирање на дел од ул.Ордан Ѓинот	200.000,00
7	11-Октомври бетонирање и уредување	500.000,00
8	Бетонирање улици и потпорни зидови со учество на граѓани (Маца Овчарова, Јордан Ѓурнов, Димко Најдов, Мите Богоевски , ул.Камка Тоцинова, ул.Игманска број 127, ул.Игманска -потпорен ѕид, ул.Стојан Буридан од 101 до 137, Орце Шутев-плато Јурија , ул.Киро Пракицов, ул.Благој Страчков, ул.Стефан Богоев, спој на ул.Родна Ивева со ул.Ганчо Хаџи Панзов, крак во Превалец, ул.Браќа Поп Јорданови од спој со ул.Коле Неделковски до спој со ул.Владимир Назор др.	1.500.000,00
9	Бетонирање на Јане Сандански	260.000,00
10	Бетонирање на дел од Ѓоре Органџиев од мало мовче до новиот мост и пред гаражите кај ликовниот салон	450.000,00
11	Бетонирање на пешачка патека со регулирање поројница спој на ул.Димитар Влахов со ул.Орце Шутев	200.000,00
Ф3	**Уредување на простор во рурални подрачја**	**3.500.000,00**
1	с.Оризари, с.Мамутчево, с.Бузалково,с.Црквино, с.Иванковци и др	3.500.000,00
ФА	**Изградба на водоводна, канализациона и атмосферска канализација**	**6.770.000,00**
1	**водоводи**	**1.000.000,00**
1	Водовод на нов крак на Тодор Јанев	400.000,00
2	Изведба на водоводна линија за населба финансирана од Хабитат	600.000,00
2	**фекална канализација**	**3.370.000,00**
1	Канализација на нов крак на Тодор Јанев	250.000,00
2	Интервенции на ул.Јордан Ѓурнов(во зона на свлечиштето Рамина)	120.000,00
3	Шахти за канализација Дурутовец	500.000,00
4	УЗУС кај Динамо Хит	1.500.000,00
5	Изведба на крак од фекална канализација во Речани 700м со учество на граѓаните	400.000,00
6	Изведба на канализациона линија за населба финансирана од Хабитат	600.000,00
3	**атмосверска канализација**	**2.400.000,00**
1	Атмосферска Плоштад Панко Брашнар (спој со Благој Ѓорев)	700.000,00
2	Прибирање на атмосверска вода на спојот на ул.Васил Главинов и Киро Ќучук со насочување кон канал	300.000,00
3	атмосверски канал на спојот на улиците Панко Брашнар и Моша Пијаде	300.000,00
4	Моша Пијаде -шахта кај силосите на Жито Вардар	100.000,00

J	**Комунални дејности**	**62.510.000,00**
J0	**Одржување на урбана опрема**	**650.000,00**
1	Фарбање на столбчиња, парапети и канделабри	350.000,00
2	Одржување на урбана опрема	300.000,00
J3	**Јавно осветлување**	**14.300.000,00**
1	Потрошена електрична енергија	10.000.000,00
2	Одржување на јавно осветлување	2.500.000,00
3	Набавка на репро материјал	1.800.000,00
J4	**Јавна чистота**	**2.500.000,00**
1	Чистење на јавно прометни површини	2.500.000,00
J6	**Одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режим на сообраќајот**	**2.900.000,00**
1	Зимско одржување на локални патишта и улици	500.000,00
2	Редовно инвестиционо одржување и непредвидени работи	2.400.000,00
J7	**Одржување и користење на паркови и зеленило**	**2.650.000,00**
1	Одржување на градско зеленило	2.300.000,00
2	набавка за хортикултурно уредување	200.000,00
3	Сечење и одржување на деградирани дрвја	100.000,00
4	Пошумување	50.000,00
J8	**Други комунални услуги**	**950.000,00**
1	Рушење на бесправно изградени објекти	400.000,00
2	Ерадикација на животни скитници , дератизација и аеросолнадезинсекција	550.000,00
JE	**Изградба на паркинзи**	**2.000.000,00**
1	Петре Прличков (попречно паркирање 300м)	2.000.000,00
JA	**Изградба на јавно осветлување**	**4.990.000,00**
1	Новогодишно осветлување	100.000,00
2	Замена со економични светилки (Минел Шредер)	1.000.000,00
3	Проширување на улична мрежа во с.Горно Оризари	200.000,00
4	Проширување на улично осветлување во с.Бузалково	200.000,00
5	Осветлување на краци на ул. Игманска	300.000,00
6	Осветлување на зграда на ул 11 Октомври бр.9	150.000,00
7	Осветлување на пристапна улица кон Динамо Хит	220.000,00
8	ул.Панко Брашнар (пред МВР)	220.000,00
9	Осветлување на новоасфалтирана улица- спој помеѓу Белградска и Благој Ѓорев (Пашиќ)	100.000,00
10	Проширување на мрежа	1.000.000,00
11	Реконструкција на мрежа	500.000,00
12	Изградба на трафостаници	1.000.000,00
ЈД1	**Изградба на улици**	**6.300.000,00**
1	Луј Пастер асвалтирање	500.000,00
2	Бетонирање на дел од ул.Васа Кошулчева во должина од 150м	300.000,00
3	Експропријација на улици	500.000,00
4	Пробивање на крак на Тодор Јанев	1.500.000,00
5	Пробивање на улици за Хабитат	500.000,00
6	Пробивање на спој улица Грозда Кочова и СЃ Сватот	350.000,00
7	Изградба на улица паралелно со ул.Благој Ѓорев (помеѓу 1-ва Комуна и Благој Ѓорев)	1.500.000,00
8	Изградба на дел од улица Роса Плавева	300.000,00
9	Тампонирање на улицата до депонијата	300.000,00

ЈД 3	**Изградба на тротоари**	**5.770.000,00**
1	Алексо Демниевски од Нова аптека до Пионерски	600.000,00
2	Марксова спој со Никола Карев	400.000,00
3	Автобуска станица -Димитар Влахов	120.000,00
4	Самоборска (кон болница)- тротоар	300.000,00
5	Алексо Демниевски (железничка)	650.000,00
6	Андон Шурков продолжување (надзвозник)	1.500.000,00
7	Бетонирање на тротоар на ул.Енгелсова во должина од 200м	850.000,00
8	Асфалтирање на тротоар на ул.Кумановска до спој со Наум Наумовски Борче	300.000,00
9	Асфалтирање на тротоар на ул.Тодор Јанев	400.000,00
10	Никола Карев - ОУ Васил Главинов	600.000,00
11	Вардарска 50м[1](Шорка)	50.000,00
ЈД 4	**Изградба на потпорни зидови**	**6.250.000,00**
1	Регулација на река Вардар	5.250.000,00
2	Андреа Дамјанов	300.000,00
3	Роса Плавева	300.000,00
4	Потпорен ѕид на Васил Ѓоргов	200.000,00
5	Потпорен ѕид на ул.Јордан Џурнов	100.000,00
6	Изградба на потпорен ѕид на спој на ул.Орце Шутев со Димитар Влахов	100.000,00
ЈД 5	**Разни зафати**	**150.000,00**
1	Санација на карпи (црква СВ. Пантелејмон и ул. Димко Најдов)	150.000,00
ЈД	**Изградба на комерцијални објекти (Разни зафати)**	**2.800.000,00**
1	Пеашчки мост Железен мост /колски сообракај/	1.500.000,00
2	Проширување на автобуска станица на УЗ Шорка	150.000,00
3	Изведба на автобуска постојка- Речани	150.000,00
4	Пазар Тунел	1.000.000,00
ЈД	**Изградба на локални патишта**	**2.450.000,00**
1	с.Мамутчево	1.000.000,00
2	с.Слп	500.000,00
3	с. Сливник-с.Рлевци	500.000,00
4	Чалошево- Дурутовец 250м	450.000,00
ЈФ	**Изградба на сообраќајна сигнализација**	**1.450.000,00**
1	Хоризонтална и вертикална сигнализација	1.200.000,00
2	Поставување на легнати полицајци	250.000,00
ЈМ	**Паркови ,зеленило и детски игралишта (капитални инвестиции)**	**5.000.000,00**
1	Уредување на партери пред згради со паркинг простори и патеки	3.000.000,00
2	Реконстукција и подигнување на нови зелени површини (комплекс Узус, улиците:11 Октомври, Кумановска,Петре Прличков,Крсте Мисирков, основни и средни училишта ,автобуска станица спој на улиците Васил Главинов и Киро Ќучук)	2.000.000,00
ЈН	**Урбана опрема(капитални расходи)**	**1.400.000,00**
1	Набавка на урбана опрема	450.000,00
2	Ракохвати и огради (ул.Благој Леов - ограда, ул.Игманска - Којник- ограда, ул.Игманска спој со Љубљанска - ограда, ул.Тодор Јанев бр.30 -ракохват, Богдан Каракостев бр.73 до 77 - ракофат , ул.Ѓорѓи Димитров бр.76 , ул.Димко Најдов - ракохват ,	800.000,00

P1	**Заштита на животна средина и природа**	**490.000,00**
1	Анализи на квалитет на животна средина	50.000,00
2	Б-интегрирани еколошки дозволи	50.000,00
3	Програма за управување со отпад	200.000,00
4	Чистење на диви депонии	150.000,00
5	Чистење на коритото на реката Тополка низ нас.Превалец	40.000,00
	Вкупно :	**85.080.000**

По потреба во текот на реализацијата на Програмата, може да се врши прераспоредување на средствата на работите од една во друга позиција најмногу во висина од 15% од предвидените средства.

V. ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ И НЕГОВАТА РАСПРЕДЕЛБА

За одредување на висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште како база за утврдување на трошоците за уредувањето е земен комплексот со индивидуални и колективни станбени згради Тунел-2 во Велес.

Ова е сторено од причина што до сега единствено за овој комплекс постои комплетна, детална урбанистичка документација, со проекти за сите инфраструктури, геолошки подлоги, геомеханички испитувања со што би можеле да дојдеме до приближно стварните цени за чинење на уредување на градежното земјиште по м2 нето корисна површина.

.Висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште за 1 м2 нето корисна површина, утврдена врз основа на реалните трошоци изнесува:

57.431.700,оо ден. : 35.850 м2 = 1.602,оо ден./м2

.Во оваа цена не се предвидени трошоците за уредување на земјиштето околу објектите (партерно уредување) кое со самофинансирање ќе го уредуваат самите граѓани.

.Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште и неговата распределба е дадена во следниов преглед:

	I. Градежен реон на градот	
1.	***Станбени објекти*** (индивидуални и колективни)	1.602,оо ден./м2
	- станбени простории	Коефициент 1.0
	- станб. простории со Н до 2,5 м1 (поткровје)	Коефициент 0.1
	- логија, балкони	Коефициент 0.2
	- помошни простории, остава за гориво, котлара, трафостаница во објект, визба	Коефициент 0.3
	- гаражи	Коефициент 0.1
2.	***Административно - деловни објекти***	1.602,оо ден./м2
	- простории	Коефициент 1.0
	- магацини, простории во визба	Коефициент 0.4
	- гаражи	Коефициент 0.1
3.	***Производен, магацински и деловен простор*** во индустриска зона	1.338,оо ден./м2
	- простории	Коефициент 1.0
	- магацини, простории во визба	Коефициент 0.4
	- гаражи	Коефициент 0.1

4.	***Објекти од јавен карактер***	1.602,оо ден./м2
	- простории	Коефициент 1.0
	- магацини, простории во визба	Коефициент 0.4
	- гаражи	Коефициент 0.1
5.	***Други објекти:***	
	- катна гаража	Коефициент 0.2
	- спортски покриени објекти	Коефициент 0.5
	- отворени пазаришта	20% од површината

II. Останати урбани единици

1.	Урбани единици за кои е донесен ДУП план и во кои е извршено делумно уредување на градежното земјиште 1. Сателитска населба на езеро „Младост"	1,63
2.	Урбани единици во кои е извршено делумно уредување на градежно земјиште : - населба Керамидна: постоечки објекти (за објекти изградени до 1996 година пред авионското снимање). . . . . нови објекти(после 1996 година) . . . . . . - населба Речани	 0.19 0.60 0.25

Во останатите урбани единици и населени места во кои има донесено урбанистичка документација висината на основицата на надоместокот за уредување на градежното земјиште ќе изнесува 1.334,оо денари, според видот и процентуалниот соодност на објектот (согласно Правилникот), а со примена на следниве коефициенти:

III. Останати урбани единици и населени места		
1.	Урбани единици за кои има донесено урбан. документација: - Отовица . . . . . . - Г. Оризари . . . . . . - Иванковци . . . . . . - Каласлари	 0.50 0.26 0.32 0.26
2.	Населени места опфатени со општ акт за населени места .	20%

Во урбаните единици за кои што нема донесено детални урбанистички планови а издавањето на услови за градба се врши врз основа на урбанистички проект, при пресметувањето на надоместокот за уредување на градежното земјиште ќе се наплатува 20% за основна инфраструктура и ќе се применува табелата за дополнително опремување на градежното земјиште.

При пресметувањето на висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште учеството на поедините елементи на дополнителното опремување на градежното земјиште, кои учествуваат со 80% од надоместокот за уредување на градежното земјиште, е следното:

1.	Изработка на генерални, детални урбанистички планови, урбанистичка документација, проектна документација и надзор	5,00 %
2	Изградба на улици - пробивање . . . . - изградба на горен и долен строј	 11,00 % 37,50 %
3	Изградба на фекална канализација	6,00 %
4	Изградба на водоводна мрежа	5,50 %
5	Поставување на ниско-напонска мрежа	5,оо %
6	Поставување на трафостаница	10,00 %
	Вкупно:	80,00 %

Овие елементи претставуваат вистински (реални) трошоци за опремување на градежното земјиште, а учествуваат со 80 % од надоместокот за уредување на градежното земјиште.

Советот на Општина Велес може да донесе Одлука за делумно или целосно ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за објект од јавен интерес или за објект во индустриска зона по претходно доставен бизнис план со точно дефиниран број и динамика на остварени вработувања.

Општината Велес при наплатувањето на надоместокот за уредување на градежното земјиште, ќе ги рефундира вложените средства на лицата кои во изминатиот период финансирале во изработката на деталните урбанистички планови , само во случај кога е во прашање општ јавен интерес и ако тоа било предвидено со тогашната програма.

При реконструкција со која не се добива нова станбена површина, надоместокот за уредување на градежното земјиште не се наплатува.

Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште се пресметува на следниот начин:

-За расчистувањето на градежни парцели за објекти од комунална инфраструктура за индивидуалната и заедничката комунална потрошувачка, проектирањето и изградбата објекти од комунална инфраструктура и уредување на заедничкиот градски простор, се наплатува надоместок за уредување на градежно земјиште на ниво на Општина Велес, врз Основица изразена во денари/м2 нето изградена површина, и согласно член 6 од Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост (Сл. весник на РМ бр. 80/01; 85/01).

-За секој вид на простор неопфатен од одредбата на член 6 став 1 надоместокот ќе се пресметува по аналогија како за просторот опфатен со оваа Програма.

-Просториите во поткровниот простор кај коси покриви на објектот и со надосид на фасадните ѕидови до 1,50 м сметано од подот до почетокот на косината, корисната површина се пресметува со коефициент 0,1.

-За паркиралишта во рамките на објект, корисната површина се множи со коефициент 0,1

-Висината на Основицата за одредување на упросечените трошоци (што ќе се наплатуваат односно исплатуваат на ниво на Општината) ќе биде еднаква на основицата постигната на 31.12.2005 год. во денари/м2 нето изградена површина, а ќе се усогласува со промената на цените на мало.

Корисникот на градежното земјиште мора да обезбеди согласност за приклучување на објектот на соодветната секундарна мрежа за индивидуална потрошувачка од соодветното комунално претпријатие и без согласност на Општината не може да се приклучи на инфраструктурните мрежи и објекти во Општината.

Доколку не добие согласност од комуналното претпријатие по писмен пат, Општината ќе склучи договор за регулирање на надоместок за уредување на градежно земјиште само за оние секундарни мрежи од индивидуална потрошувачка за кои има писмена согласност.

По добивањето на дополнителната согласност надоместокот за уредување на градежно земјиште за оваа секундарна мрежа од индивидуална потрошувачка се наплатува по упросечени цени.

VI.НАЧИН НА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ЗА ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРАТА

За висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште, се склучува Договор за регулирање на надоместок за уредување на градежното земјиште во писмена форма, директно помеѓу корисникот на земјиштето од една страна и Општината од друга страна, по доставена заверена проектна документација и доставено решение за локациски услови и енергетски согласности.

Надоместокот за уредување на градежното земјиште за пренамена од станбен во друг вид простор се наплатува еднократно во висина на евентуалната разлика, а средствата се неповратни.

Надоместокот за уредување на градежното земјиште за пренамена од друг вид простор (административно - деловен, производен и објекти од јавен карактер), во станбен простор не се наплатува.

Во случај кога опремувањето на градежното земјиште е завршено во предходниот период, за целосно уредено градежно земјиште, корисникот на земјиштето плаќа надоместок до висината на реалните трошоци за уредување - целосен надоместок.

Во случај кога градежното земјиште се доуредува (кога е изградена основната инфраструктурна мрежа, а на неа треба да се доизгради секундарна инфраструктурна мрежа) корисникот на земјиштето е должен да инвестира во нејзината изградба.

Во случај кога градежното земјиште делумно ќе се уредува или воопшто не се уредува, корисникот на земјиштето плаќа надоместок до висината на трошоците за делумното уредување на земјиштето - делумен надоместок или воопшто не плаќа надоместок.

Во случај кога градежното земјиште е уредено со изградена основна инфраструктурна мрежа, а во локалитетот каде се наоѓа градежната парцела нема донесено ДУП, и не е изградена секундарната инфраструктурата, а корисникот на земјиштето инсистира сам да ја гради секундарната инфраструктурна мрежа, согласно оверена техничка документација за градење на инфраструктурните објекти со свои средства, должен е на општината да и надокнади за порано направените трошоци во висина од 20%(основна инфраструктура) од надоместокот за уредување на градежно земјиште да овозможи на идните корисници на земјиштето приклучување на инфраструктурните мрежи без да му платат надомест; односно инфраструктурната мрежа што ќе ја гради сам да биде технички примена од соодветното комунално претпријатие и да ја предаде на општината без надомест.

За објекти за кои до донесување на Законот за локална самоуправа има склучени договори за надоместок за уредување на градежно земјиште, а врз основа на донесените тогашни решенија за локациски услови, помеѓу корисниците на земјиштето и Општина Велес и во меѓувреме се поништени решенијата за локациски услови, а е издадена нова заверена проектна документација, ново настанатите односи ќе се регулираат со анекс договор кон основниот договор помеѓу Општината и корисникот на земјиштето. За истото корисникот на земјиштето е должен да достави документ - дека во предходниот период документацијата му била поништена.

Трошоците за опремување и изградба на објекти од комунална инфраструктура надвор од конкретната градежна парцела и трошоците за преместување на објекти од комунална инфраструктура за индивидуална и заедничка комунална потрошувачка, што корисникот ги извел и си ги изведува самоиницијативно без учество на Општината, а пред склучување писмени договори за регулирање на надоместок за уредување на градежно земјиште и писмен договор за изведување на објекти од комунална инфраструктура, не се признаваат, освен во локалитети каде биле бесправно изградени објекти, а со донесување на нови урбанистички планови, истите се вклопуваат.

За овие локалитети, мора да има исправна техничка документација за изградените објекти од инфраструктура, оверена од надлежен орган и изградените инфраструктурни мрежи примени од јавните комунални претпријатија. При ова се признаваат само трошоците - делот од надоместокот за уредување на градежното земјиште за изградената инфраструктурна мрежа од индивидуална комунална потрошувачка.

Оваа изградена инфраструктурна мрежа мора да биде предадена на локалната самоуправа; овозможи идно приклучување на нови идни корисници на земјиштето без надомест; а новите корисници на земјиштето да и надоместат на локалната самоуправа целосен надоместок за уредување на градежното земјиште.

Надоместокот за уредување на градежно земјиште може да се наплатува и по принцип на одложено плаќање, на еднакви месечни рати и процентуално учество од вкупниот износ со обезбедување на инструмент (клаузула) во Договорот за сигурна динамика и гаранција за исполнување на договорната обврска. Во функција на принципот на одложено плаќање се воспоставуваат "прагови" врзани во зависност од висината на долгот и рокот на одложеното плаќање кои се формирани на следниов начин:

* За вкупен износ на надоместокот до 32.000,оо денари надоместокот за уредување на градежното земјиште ќе се плаќа при склучување на договорот во целост.

* За вкупен износ на надоместокот од 32.000,оо до 96.000,оо денари надоместокот за уредување на градежното земјиште ќе се плаќа 50% при склучување на договорот, а остатокот од 50% ќе се плаќа на 6 (шест) еднакви месечни рати.

* За вкупен износ на надоместокот над 96.000,оо денари надоместокот за уредување на градежното земјиште ќе се плаќа 50% при склучување на договорот, а остатокот од 50% ќе се плаќа на 12 (дванаесет) еднакви месечни рати.

* При наплатување на надоместокот за уредување на градежното земјиште во случај на легализација (каде има донесено ДУП-ови) на веќе изградени објекти плаќањето ќе се врши на 24 (дваесет и четири) еднакви месечни рати, без оглед на висината на надоместокот.

Во поглед на одложено плаќање, присилна наплата, каматата и застареноста на обврската за плаќање ќе се користи клаузулата од Договорот помеѓу Инвеститорот и Органот на Општината надлежен за уредување на градежно земјиште .

VII. СРЕДСТВА НАМЕНЕТИ ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ И СРЕДСТВА ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ГРАДЕЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ

Општината ја финансира изработката на ГУП,ДУП,УП за село,УП вон населено место и изработка на техничка документација за инфраструктурни објекти.

VIII.ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Динамиката на извршувањето ќе зависи од створените правни и технички услови, како и од приливот на средствата од надоместокот за уредување на градежното земјиште и другите средства.

Опремувањето на земјиштето се врши по добивање на Одобрение за градење на објекти од комуналната инфраструктура.

IX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

1. За спроведување на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на општина Велес.

2. Градоначалникот на општина Велес е должен за прераспоредувањето на средствата на работите од една во друга позиција во износ до 5 % да го информира Советот на општина Велес, а за поголемо прераспоредување на средства одлука мора да донесе Советот на општина Велес.

3. Оваа Програмата влегува во сила, осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Велес".

Број 0701-5539/3
25.12.2007 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес
Трајко Бабунски,с.р.

238.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) за 2008 година

Се објавува Заклучокот за донесување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) во 2008 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 25.12.2007 година.

Број 0801-5590/4
27.12.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 25.12.2007 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на Локалениот економски развој (ЛЕР) за 2008 година

1. Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за активностите на Општина Велес во областа на Локалениот економски развој (ЛЕР) за 2008 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-5539/4
25.12.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски,с.р.

Врз основа на член 22, став 3 од Законот за Локална самоуправа („Сл. Весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Оштина Велес („Сл. Гласник на Општина Велес бр. 12/06), Советот на Општина Велес на седницата одржана на 25.12.2007 година донесе

ПРОГРАМА
за активностите на Општина Велес во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР)

Развојни приоритети

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на локалниот економски развој во текот на 2008 година ќе бидат насочени кон подршка на локалниот економски развој и поттикнување на развојот на туризмот.

Цел

Основна цел на Програмата за ЛЕР е реализација на зацртаните развојни правци согласно постојните стратешки документи.

Проектни активности

Проектите на Општина Велес во областа на ЛЕР ќе бидат насочени кон забрзан и динамичен развој на општината, согласно надлежностите и утврдените развојни и структурни приоритети. Предвидените проекти, генерално можат да се групираат во:

Г1) Подршка на локалниот економски развој

Р.бр.	Проект	Предвидени средства (мкд)
1.	Подршка на центарот за регионален развој на Вардарскиот плански регион	750.000,00
2.	Кофинансирање на физибилити студија за иден приоритетн проект финансиран од страна на ИПА	250.000,00
3.	Обука на бизнис секторот за пристап до донаторски средства и изработка на апликации во рамки на ИПА	300.000,00
4.	Кампањи и промоции	100.000,00
5.	Печатење на промотивен материјал	400.000,00
6.	Пренесени средства за Воспоставување на „Општински образовен портал"	457.500, 00
	ВКУПНО:	**2.257.500,00**

ГА) Изградба на комерцијални објекти

Р.бр.	Проект	Предвидени средства (ден.)
1.	Опремување на туристичко информативно биро	200.000,00
2.	Доизградба на инфраструктура на Езеро Младост	7.000.000,00
3.	Доизградба на инфраструктура во „УЗУС мало стопанство"	2.000.000,00
	Доизградба на инфраструктура во индустриска зона „Речани 2"	2.000.000,00
	ВКУПНО:	**11.200.000,00**

Финансирање

Предвидените проектни активности во рамки на оваа Програма во вкупна вредност од 13.475.500,00 ден. ќе бидат финансирани од средствата на Буџетот на Општина Велес за 2008 година и кофинансирање од страна на домашни и меѓународните институции агенции и фондации.

Распоредување на буџетските средства

Активностите од оваа Програма се финансираат со посебна ставка од Буџетот на општината.

Завршни одредби

Комисијата за финансирање, буџет и ЛЕР го следи реализирањето на предвидените активности во рамки на оваа Програма, покренува иницијативи, дава мислења и поднесува предлози во врска со остварувањето на нејзините цели.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-5539/4
25.12.2007 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес
Трајче Бабунски,с.р.

239.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот за донесување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2008 година

Се објавува Заклучокот за донесување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2008 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 25.12.2007 година.

Број 0801-5590/5
27.12.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 25.12.2007 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2008 година

1. Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2008 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-5539/5
25.12.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски,с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 8 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02), и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр. 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 25.12.2007 год.,донесе

ПРОГРАМА
за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2008 година

I. ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се:

-Обезбедување активен однос на Советот на Општина Велес кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на образованието;

-Изнаоѓање форми за ефикасно и економично одвивање на образовниот процес;

-Планирање на развојот на образованието

- Подобрување на условите за обавување на образовниот процес;

- Создавање услови за развој на високото образование.

II. АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2008 година ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма и тоа:

-Создавање услови за поефикасно и поекономично одвивање на економскиот процес со реализирање на втората фаза од Новиот концепт за развој на образованието;

-Создавање услови за отворање на нови високообразовни институции;

-Техничка и стручна помош при изработка на Стратегија за развој на образованието.

р.бр	I АКТИВНОСТИ	РОК	НОСИТЕЛ	ПРЕДВИДЕНИ СРЕТСТВА МОН	Опш.Велес	Донација	Сопс.приходи	ВКУПНО
1.	Манифестација по повод завршувањето на школската година 2007/08	Јуни 2008						
2.	Манифестација по повод започнувањето на школската година 2008/09	септември						
3.	Организирана посета на Народен музеј и спомен куќите во Велес	По утврден распоред	Сите основни и средни училишта					
4.	Прогласување на најдобар наставник во основното образование	24 мај 2008 „Св. Кирил и Методиј“	Биро за развој на образованието во соработка со здружението на просветни работници		10.000			10.000
5.	Прогласување на најдобар наставник во средното образование	24 мај 2008 „Св. Кирил и Методиј“	Биро за развој на образ. во соработка со здружението на просветни работници		10.000			10.000
6.	Образовно рандеву		Средните стручни училишта		40.000			40.000
	Вкупно:				**60.000**			**60.000**

р.бр.	**II** **ИНВЕСТИЦИИ**							
1.	Реконструкција и санирање на училишни објекти - Башино Село, Црквино, Клуковец ООУ „Благој Кирков“ (одделување на струја и вода)	По утврден приоритет			1.500.000			1.500.000
2.	Санирање на санитарни јазли ООУ „Б.Кирков“ ООУ„Св. Кирил и Методиј“				1.500.000			1.500.000
3.	Поправка на кровни конструкции ООУ „Б.Кирков“ ООУ„Св. Кирил и Методиј“ ООУ„Б.Конески“				500.000			500.000
4.	Реконструкција на спортски објекти во ООУ	По утврден приоритет			2.000.000			2.000.000
5.	Отворени спортски терени во ООУ и ОСУ – изградба и реконструкција				500.000			500.000
6.	Поддршка на образовен портал				300.000			300.000
7.	Енергетска ефикасност				200.000			200.000
	Вкупно:				**6.500.000**			**6.500.000**
Р.бр.	**III** **Трансфер на средства**							
1.	Блок дотација – основно образование - плати			142.610.652				142.610.652
2.	Блок дотација – основно образование – материјални трошоци и превоз			23.781.848				23.781.848

3.	блок дотација – средно образование -плати			80.500.893				80.500.893
4.	блок дотација – средно образование –материјални трошоци			9.212.807				9.212.807
5.	Приходи од самофинансирање – основно образование						16.027.300	16.027.300
6.	Приходи од самофинансирање – средно образование						16.151.980	16.151.980
	вкупно:			**256.106.200**			**32.179.280**	**288.285.480**
	СЕ ВКУПНО:			**256.106.200**	**6.560.000**		**32.179.280**	**294.845.480**

III. ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите од областа на образованието утврдени со оваа програма ќе се финансираат од средства на Министерството за образвание и наука, од сопствени приходи на училиштата, од донации и од Буџетот на Општина Велес за 2008 година.

При реализирање на Програмата, Советот на Општина Велес ќе ги поддржи институциите и здруженијата на граѓани кои ќе реализираат проекти од областа на образованието финансирани од други инвеститори – заинтересирани партнери, фондации, бизнис секторот и сл.

IV.ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

Други форми на активности со кои ќе се помага образованието се:

-обезбедување стручна, техничка и друг вид поддршка со кадри и опрема со која располага општината;

-изработување стратегија за развој и унапредување на образованието;

-реализирање на втората фаза на Новиот концептот за образование;

-создавање услови за отворање повеќе високообразовни институции.

V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-5539/5
25.12.2007 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р

240.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита во 2008 година

Се објавува Заклучокот за донесување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита во 2008 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 25.12.2007 година.

Број 0801-5590/6
27.12.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 25.12.2007 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита за 2008 година

1. Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита за 2008 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-5539/6
25.12.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски,с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02), и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр. 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 25.12.2007 год.,донесе

ПРОГРАМА
за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита во 2008 година

I.ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се :

-Обезбедување активен однос на Советот на Општина Велес кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на социјалната заштита;

-Изнаоѓање форми за згрижување на социјално ранливи групи;

-Изнаоѓање форми за социјализација на маргинализирани групи;

-Подобрување на стандардот на граѓаните;

-Создавање услови за поквалитетни услуги на децата од предучилишна возраст;

-Осовременување на училишните установи во однос на организацијата на програмските содржини и соодветни кадровски услови за инклузија на деца со посебни потреби.

II.АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма и тоа:

-Создавање услови за отворање на дневни центри за згрижување на семејно запуштени деца и деца од улица;

-Создавање услови за поповолен социјален живот во клубот за стари лица;

-Создавање услови за формирање сервис за дотур на храна и лекови и грижа на стари и изнемоштени лица;

-Создавање услови за континуирана работа на црковно-народната кујна;

-Помош за семејства погодени од несреќа и елементарни непогоди;

-Помош на социјално загрозени семејства;

- Помош на лица – жртви на семејно насилство;

-Промовирање на родовата рамноправност;

р.бр	I АКТИВНОСТИ	РОК	НОСИТЕЛ	ПРЕДВИДЕНИ СРЕТСТВА МТСП	ОВелес	ДОНАЦИЈА	Сопс.приходи	ВКУПНО
1..	Прифатилиште за жртви на семејно насилство	12 мес.	Општина Велес		180.000	/		180. 000
2.	Сервис служба за дотур на храна и лекови на стари и изнемоштени лица	12 мес.	Општина Велес		200.000			200.000
3.	Организирање на едукации за надминување на социјалните проблеми поврзани со девијантното однесување (малолетничка деликвенција)	по потреба			60.000			60.000
4.	Промовирање на родовата рамноправност	12 мес.			50.000	60.000		110.000
5.	Регионална соработка – родова рамноправност				40.000			40.000
6.	Набавка на социјални пакети	по потреба	Општина Велес		30.000			30.000
7.	Набавка на учебници на деца без родители од Општина Велес	септември	Општина Велес		40.000			40.000
8.	Новогодишни подароци за деца без родители и родителска грижа и деца со посебни потреби	декември	Општина Велес		50.000			50.000

9.	Активности по Агенда 22				100.000			100.000
10.	Печатење на промотивен материјал				30.000			30.000
11.	Едукации за превентива				50.000			50.000
12	отворање на S.O.S линија				100.000			100.000
13.	Рехабилитација на деца		Општина Велес ЗРГЗП		40.000			40.000
	Вкупно				**970.000**	**60.000**		**970.000**
	II Трансфер на средства							
1.	Блок-дотации Детска градинка - плати			26.704.464				26.704.464
2.	Блок-дотации Детска градинка – материјални трошоци			4.646.333				4.646.333
3	Приходи од самофинансирање- Детска градинка						11.200.000	11.200.000
	Вкупно			**31.350.797**			**11.200.000**	**42.550797**
	СЕВКУПНО			**31.350.797**	**970.000**	**60.000**	**11.200.000**	**43.580.797**

III. ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите од областа на социјалната заштита утврдени со оваа програма ќе се финансираат од средствата на Министерството за труд и социјална политика и Буџетот на Општина Велес предвидени за 2008 година.

При реализацијата на Програмата, Советот на Општина Велес ќе ги поддржи институциите и здруженијата на граѓани при реализирањето на проектите од социјалната сфера за обезбедување на финансиски средства и друга помош од:

-Министрерството за труд и социјална политика на Република Македонија;

-Трговски друштва, јавни претпријатија, фондации и други правни и физички лица;

-Заинтересирани партнери за соработка во земјата и странство;

-Други извори.

IV.РАСПОРЕДУВАЊЕ НА БУЏЕТСКИТЕ СРЕДСТВА

Содржините предвидени во оваа програма се финансираат со посебна ставка во Буџетот на општината.

Дополнителни, проекти и активности ќе предлага Комисијата за општествени дејности и Комисијата за еднакви можности меѓу мажите и жените при Советот на Општина Велес.

V.АКТИВНОСТИ ПОДДРЖУВАНИ СО ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

Во Општина Велес делуваат бројни здруженија на граѓани чија основна цел е социјализација и инклузија на социјално запуштени лица, стари и изнемоштени лица, маргинализирани групи и зависници од дроги и други наркотици. Општината Велес ќе ги поддржи нивните напори за отворање дневни центри за згрижување и социјализација и ќе вложи напори да обезбеди соодветен простор за нивно делување.

ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

Други форми на активности со кои ќе се помагаат со средства од Буџетот на Општина Велес се:

-обезбедување стручна, техничка и друга поддршка со кадри и опрема со која располага општината,

-Организирање протоколарни и средби за воспоставување соработка на претставници на општината со потенцијални донатори на проекти од областа на социјалната заштита.

Овие форми на активности ќе се реализираат согласно можностите на Општина Велес.

VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Комисијата за општествени дејности го следи реализирањето на оваа Програма, покренува иницијативи, дава мислења и поднесува предлози во врска со остварувањето на нејзините цели и активности.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-5539/6
25.12.2007 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р

241.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на спорт и млади во 2008 година

Се објавува Заклучокот за донесување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спорт и млади во 2008 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 26.12.2007 година.

Број 0801-5590/7
27.12.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 26.12.2007 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на спорт и млади во 2008 година

1. Советот на Општина Велес ја донесе

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спорт и млади во 2008 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-5539/7
26.12.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски,с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02), и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр. 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 26.12.2007 год.,донесе

ПРОГРАМА
за активностите на Општина Велес во областа на спорт и млади во 2008 година

I. ЦЕЛИ

Основни цели на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спорт, млади и поддршка на НВО секторот во 2008 година се:

1.Учество на општината во организирањето и збогатувањето на спортско-рекреативниот живот во градот.

2.Создавање услови за реализирање на спортско-рекреативните активности на граѓаните,особено младите и здруженијата на граѓани.

3.Афирмација на Општина Велес како развиен спортски центар во Република Македонија и надвор од неа.

4.Афирмација на Општина Велес во која особено внимание се посветува на создавањето услови за правилно насочување на младите и организирање на нивните слободни активности.

II. АКТИВНОСТИ

За реализирање на целите на оваа Програма Општина Велес ќе ги преземе сите потребни активности и ќе ги стави на располагање сите свои технички и човечки ресурси.

Во контекст на ова активностите најмногу ќе се насочуваат кон сочувување на континуитетот на традиционалните спортски манифестации, развивање на масовниот спорт, поддржување на екипи и поединци кои постигнуваат врвни резултати и го афирмираат Велес во државата и надвор од неа.

р.бр		РОК	НОСИТЕЛ	ПРЕДВИДЕНИ СРЕДСТВА ОПШТИНА ВЕЛЕС	ДР. ИЗВОРИ		ВКУПНО
	I.СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ						
1.	Бон-бон куп Забавно-спортска рекреација за деца од 8-11 години	Април	Спортски педагози	10.000			10.000
2.	Турнир во мал фудбал –с. Оризари	6 мај	МЗ Оризари	10.000			10.000
3.	Турнир во мал фудбал во с. Мамутчево	11-12 јуни	МЗ Мамутчево	10.000			10.000
4.	VIII турнир во мал фудбал „Тунел 2008“	15- 30 јули	МЗ Тунел	100.000			100.000
5.	Атлетска трка „Илинден 2008“	30 јули	АК „Изгрев“	5.000			5.000
6.	Пионерски турнир во фудбал – Превалец 2008	август	МЗ Превалец	3.000			3.000
7.	Турнир во мал фудбал за пионери – спортски терени во ОССУ „Јовче Тесличков“	15-30 август	СУС, спортски педагози	10.000			10.000
8.	Турнир во борење на пеливани	08 септември	МЗ Бузалково	50.000			50.000
9.	Меѓународен турнир за пионери во голем фудбал	06 – 09 октомври	Фудбалска школа „Борец“	5.000			5.000
10.	Меѓународен куп во спортски риболов „Ласка“		СРД „Бабуна“	20.000			20.000
11.	Кајак слалом „Илинден2008“			20.000			20.000

12.	Спортска манифестација во боречки вештини			20.000			20.000
13.	Сите на велосипед			10.000			10.000
14.	Спортски натпревари во риболов		СРД „Металург“	10.000			10.000
15.	Избор на најдобар спортист и спортска екипа за 2008 година	Последната недела во декември	Сојуз на спортови и спортски известувачи	30.000			30.000
	Вкупно:			**313.000**			**313.000**
	II. ПОДДРШКА НА СПОРТСКИ СОЈУЗИ						
1.	Сојуз на училишен спорт – учество на државни првенства	По утврден календар	Сојуз на училишен спорт – Велес	30.000			30.000
2.	Сојуз за спортска рекреација на инвалидизирани лица – учество на државно првенство	октомври	ССРИЛ	20.000			20.000
3.	Спортски натпревари – 24 Мај за ученици од основното и средното образование во мал фудбал и одбојка	24 мај	Општина Велес и Сојуз на спортови Велес во соработка со училиштата“	200.000			200.000
	Вкупно:			**250.000**			**250.000**

	III. МАСОВНА ФИЗИЧКА КУЛТУРА						
1.	Реализација на градски првенства во: - гимнастика, - карате - спортски риболов, - велосипедизам, - движење во природа, - стрит бол, - ролери	тековно	Општина Велес	100.000			100.000
2.	Отворени забавни фудбалски школи	август	Сојуз на училишен спорт	30.000			30.000
	Вкупно:			**130.000**			**130.000**
	IV.ПОДДРШКА НА СПОРТОТ ВО ГРАДОТ						
1.	Поддршка на квалитетен спорт – надоместок за користење на спортски објекти		Општина Велес	1.000.000			1.000.000
2.	Поддршка на квалитетни велешки спортисти за учество на државни и меѓународни првенства		Општина Велес	60.000			60.000
	Вкупно:			**1.060.000**			**1.060.000**
	V.ИНВЕСТИЦИИ						
1.	Поставување опрема на отворени спортски терени		Општина Велес	50.000			50.000
2.	Набавка на спортска опрема		Општина	50.000			50.000

3	Непредвидени трошоци		Општина Велес	50.000			50.000
4	Изградба на помошни игралишта		донација				
5	Нови спортски терени во населени места		Општина Велес	1.500.000			1.500.000
6	Уредување на игралиште во населба Превалец		Општина Велес	70.000			70.000
7	Реконструкција на Спортска сала		Општина Велес	1.000.000			1.000.000
8	Градски стадион						
9	Изградба на тениски игралишта						
10	Изградба на спортски терени на Езеро Младост						
	Вкупно:			**2.720.000**			**2.720.000**
	СЕ ВКУПНО:			**4.473.000**			**4.473.000**

-Во глава II – Поддршка на спортски сојузи, ред. бр. 3 „Лига систем натпревари на ученици во кошарка, ракомет и мал фудбал“ се заменува со „ “, а во колоната Носител „СУС во соработка со соодветните спортски клубови“ се заменува со „ III. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Прогама е од Буџетот на Општина Велес, од соодветни спортски сојузи во државата, од Агенцијата за спорт и млади, спонзорства и донации.

За активности од областите што ги опфаќа оваа Програма, а кои со својата актуелност, квалитет и општ интерес ќе се појават во текот на 2008 година, ќе бидат ангажирани дополнителни средства од Буџетот на општината.

IV. ДРУГИ ФОРМИ НА ДЕЛУВАЊЕ

Освен со финансиски средства Општина Велес спортските манифестации ќе ги помага и со:

- почесно покровителство;
- доделување награди и признанија,
- обезбедување стручна, техничка и други видови помош,
- учество на промотивни и протоколарни средби.

Општината на младите ќе им помага преку:

-организирање трибини, форуми, дебати и сл. На теми што се од нивен интерес,
- организирање кампањи за потенцирање на здравиот начин на живот;
- организирање анкети за да се утврди нивниот интерес и да се насочат сферите на делување на општината.

V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Практичната реализација и следењето на активностите на оваа Програма во делот на спортот ќе се одвива преку Сојузот на спортови од Општина Велес.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-5539/7
26.12.2007 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

242.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување на Програма за активностите на Општина Велес за поддршка на НВО секторот во 2008 година

Се објавува Заклучокот за донесување на Програмата за активностите на Општина Велес за поддршка на НВО секторот во 2008 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 26.12.2007 година.

Број 0801-5590/8
27.12.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 26.12.2007 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување на Програма за активностите на Општина Велес за поддршка на НВО секторот во 2008 година

1.Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за активностите на Општина Велес за поддршка на НВО секторот во 2008 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-5539/8
26.12.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски,с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02), и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр. 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 26.12.2007 год.,донесе

ПРОГРАМА
за активностите на Општина Велес за поддршка на НВО секторот во 2008 година

I. ЦЕЛИ

Основни цели на Програмата за активностите на Општина Велес за поддршка на НВО секторот во 2008 година се:

1. Грижата за младите и соработка со НВО секторот, во согласност со можностите.
2. Создавање услови за реализирање на активности на граѓаните и здруженијата на граѓани.
3. Афирмација на Општина Велес како општина со развиена мрежа на НВО кои остваруваат соработка со НВО.

II. АКТИВНОСТИ

За реализирање на целите на оваа Програма Општина Велес ќе ги преземе сите потребни активности и ќе ги стави на располагање сите свои технички и човечки ресурси.

Во контекст на ова активностите најмногу ќе се насочуваат кон:

-сочувување на континуитетот на соработката со граѓанскиот сектор,

-обезбедување просторни услови за работа на здруженијата на граѓани,

- давање поддршка на проекти кои се од поширок општествен интерес и задоволуваат потреби на поголема група граѓани

-воспоставување подеднаква соработка со здруженијата на граѓани од различни интересни групи на делување,

-го афирмираат Велес во државата и надвор од неа.

Во областа на поддршката на НВО секторот активностите на Општина Велес ќе бидат насочени кон реализирање на партнерски проекти од поширок интерес на заедницата, кон градење мрежи и коалиции во сите области на делување на локалната самоуправа.

	VI. ПОДДРШКА НА НВО			
1.	Учество во реализација на проекти со здруженија на граѓани	Општина Велес	150.000	150.000
2.	Комунални трошоци во домот на НВО	Општина Велес	110.000	110.000
3.	Изготвување на Стратегија за соработка на Општина Велес со граѓанскиот сектор	Општина Велес	40.000	40.000
4.	Изготвување на стратегија за млади	Општина Велес	40.000	40.000
	Вкупно:		**340.000**	**340.000**

III. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Прогама е од Буџетот на Општина Велес од спонзорства и донации.

За активности од областите што ги опфаќа оваа Програма, а кои со својата актуелност, квалитет и општ интерес ќе се појават во текот на 2008 година, ќе бидат ангажирани дополнителни средства од Буџетот на општината.

IV. ДРУГИ ФОРМИ НА ДЕЛУВАЊЕ

Освен со финансиски средства Општина Велес активностите на здруженијата на граѓани ќе ги помага и со:

- покровителство;
- доделување награди и признанија,
- обезбедување стручна, техничка и други видови помош,
- учество на промотивни и протоколарни средби.
-организирање трибини, форуми, дебати и сл. на теми што се од нивен интерес,
- организирање кампањи
- организирање анкети за да се утврди нивниот интерес и да се насочат сферите на делување на општината.

V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Практичната реализација и следењето на активностите на оваа Програма ќе се одвива преку Оддлението за образование, култура, здравство, социјална заштита и соработка со здруженија на граѓани и фондации во Општина Велес.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-5539/8
26.12.2007 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски,с.р.

243.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето и противпожарната заштита зво 2008 година

Се објавува Заклучокот за донесување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето и противпожарната заштита во 2008 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 26.12.2007 година.

Број 0801-5590/9
27.12.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 26.12.2007 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето и противпожарната заштита во 2008 година

1. Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето и противпожарната заштита во 2008 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-5539/9
26.12.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски,с.р.

Врз основа на член 22, точка 10 и 11 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) , член 5 од Законот за пожарникарство („Сл. весник на РМ“ бр. 67/04), член 2 од Законот за управување со кризи („Сл. весник на РМ“ бр.29/05), член 4, став 2 од Законот за заштита и спасување („Сл.весник на РМ“ бр.36/04) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 26.12.2007 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето и противпожарната заштита во 2008 година

Со оваа Програма се утврдуваат заедничките интереси и активности во областа на противпожарната заштита, заштитата и спасувањето, кои претставуваат активности од јавен интерес. Според законските одредби, Општина Велес во 2008 година овие активности ќе ги остварува преку Територијалната противпожарна единица која ќе дејствува на територијата на Општина Велес, а ќе ги покрива и подрачјата на соседните општини Чашка и Градско, кои не формираат сопствена противпожарна единица.

I. Цели

-заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди, пожари во населени места, во шуми, отворени простори, поплави, сообраќајни несреќи и др;

-создавање на услови и можности за организирано остварување и реализација на заштитата на луѓето и материјалните добра;

-обезбедување на навремено истакнување на опасноста, благовремено откривање и елиминирање на причините за настанување на пожари и други видови на непогоди;

-обезбедување на услови и можности за соодветна организација, опременост и координираност на силите за заштита и спасување, справување со кризи и противпожарната заштита.

II. Активности

За реализација и остварување на основните цели на оваа Програма, активностите на Општината и Советот ќе бидат насочени кон создавање на максимални услови за реализирање на програмските определби во доменот на противпожарната заштита и спасувањето.

Во оваа насока, активностите претежно ќе бидат насочени кон:

- обезбедување целосна заштита и спасување на лугето и материјалните добра,

-техничко осовременување на професионалната противпожарна единица,

-обезбедување на услови за квалитетна и технички стручно подготвена единица,

-брзо и ефикасно дејствување на целото подрачје на Општина Велес и другите општини .

-елиминирање на согледаните пропусти и негативности.

III. Финансирање

Финансирањето на активностите и дејствувањето на Територијалната противпожарна единица, утврдени според оваа Програма ќе биде реализирано од:

-Средства од Буџетот на РМ;

-Средства од Буџетот на Општина Велес;

-Наплатени премии од осигурување на имот од пожари;

-Наплатени премии за осигурување на моторни возила и осигурување од одговорност од употреба на моторни возила;

-Средства од наплатени парични казни за сторени прекршоци од областа на заштитата од пожари и експлозии;

-Доброволни прилози и други средства од осигурителни друштва, фондации, правни и физички лица, наменети за унапредување на заштитата од пожари;

-Приходи од сопствени извори за извршени услуги од страна на Територијалната противпожарна единица и

-Приходи од други општини

IV. Распоредување на финансиските средства

	Приходи	
1.	**Наменска дотација**	**9.969.500**
2.	**Наплатени премии од каско осигурување**	**1.500,000**
3.	**Буџет на Општина Велес**	**440.000**
4.	**Приходи од сопствени извори на ТППЕ**	**50.000**
5.	**Приходи од други општини**	**310.000**
6.	**Вкупно 1**	**9.969.500**
7.	**Вкупно 2- 5**	**2.300.000**
8.	**Вкупно 1- 5**	**12.269.500**

	Расходи	
1.	Плати,наемнини и надоместоци за за вработените	9.969.500
2.	Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт	1.020.000
3.	Поправки и тековно одржување на возила	300.000
4.	Набавка на гуми и резервни делови за ПП ПП возила	200.000
5.	Набавка на техничка и заштитна опрема	50.000
6.	Набавка на ПП униформа	290.000
7.	Регистрација на возила	60.000
8.	Тековно одржување на згради	150.000
9.	Набавка на канцелариска опрема	100.000
10.	Проектни активности-сместување на едукатори	100.000
11	Непредвидени расходи	30.000
12.	Вкупно: 1	9.969.500
13.	Вкупно: 2-11	2.300.000
14.	Вкупно: 1-11	12.269.500

V. Други форми на активности за поддржување и помагање на ТППЕ

Освен со финансиски средства, Советот на Општината и Градоначалникот ќе ги помагаат и стимулираат овие активности и со:

-одбележување на Денот на пожарникарите;

-прогласување на најистакнат пожарникар во извршувањето на работните обврски при гаснењето на пожари;

-учество на Градоначалникот и претставници на Советот на средби и настани организирани од страна на ТППЕ по разни поводи и прослави

VI. Завршни одредби

За спроведувањето на оваа Програма се грижи Градоначалникот на Општина Велес.

Во соработка со Дирекцијата за заштита и спасување, Државниот инспектор за заштита од пожари и другите надлежни органи и тела, органите и телата на Советот на Општина Велес ќе го следат спроведувањето на оваа Програма и активно ќе учествуваат во нејзината реализација, како и во покренувањето на иницијативи, давање на мислења и поднесување на предлози во врска со остварувањето на програмските цели и активности.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-5539/9
26.12.2007 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Трајче Бабунски,с.р.

244.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на промоција и комуникација со јавноста во 2008 година

Се објавува Заклучокот за донесување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на промоција и комуникација со јавноста во 2008 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 26.12.2007 година.

Број 0801-5590/10
27.12.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 26.12.2006 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување на Програма за активностите на Општина Велес во обласата на промоција и комуникација со јавноста во 2008 година

1. Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за активностите на Општина Велес во областа на промоција и комуникација со јавноста во 2008 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-5539/10
26.12.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски,с.р.

Врз основа на 36, став 1,точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“бр. 5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес(„Сл.гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 26.12.2007 година, донесе

ПРОГРАМА
за активностите на Општина Велес во областа на промоција и комуникација со јавноста во 2008 година

1. РАМКА НА ПРОГРАМАТА

1.1.ОСНОВА

1.2.Како континуиран процес што овозможува двонасочен проток на информации помеѓу општината и целните групи на граѓани, комуникациите со јавноста се еден од најзначајните сегменти од функционирањето на една локална самоуправа согласно највисоките европски и светски стандарди.

Со цел да ги зајакне капацитетите за достигнување на стандардите во областа на комуникацијата со јавноста, Советот на Општина Велес во 2007 година, за првпат во една локална заедница во Република Македонија усвои Програма за активностите на Општина Велес во областа на промоција и комуникација со јавноста.

Програмата овозможи идентификација на приоритетите во рамките на сложениот процес на комуникација со јавноста како и јасно лоцирање на расположивите капацитети на овој план.

Освен интензивната комуникација со претставниците на средствата за јавно информирање, програмата овозможи реализација на значајни активности за презентација и промоција на резултатите што општината ги постигна во 2006 година како и подготовка на неопходен промотивен материјал за граѓаните.

Огромна поддршка за програмата особено на планот на комуникација со јавноста претставува отворањето на едношалтерскиот систем „Граѓанскиот сервис центар“ каде до граѓаните најчесто се дистрибуираат сите неопходни информации и промотивни материјали.

Општина Велес активно се вклучи и во новоформираната мрежа за односи со јавност во рамките на процесот на евроинтеграции што ќе овозможи во периодот што следи, интензивна дистрибуција на информации за прашањата поврзани со ЕУ во соработка со Секторот за европски прашања.

Успешните практики на планот на промоцијата и комуникацијата со јавноста како и лоцирањето на критичните точки на кои им е неопходна интервенција, налагаат усовршување

на програмата во контекст на јасно детерминирање на план на активности.

Токму поради комплексната природа на активностите во областа на промоцијата и комуникацијата со јавноста оваа Програма претставува флексибилен документ кој континуирано ќе се развива врз основа на понатамошните искуства.

1.1. ОПРАВДАНОСТ

1.1.1.Приоритетни потреби:

· Продлабочување на Комуникацијата со јавноста

Подготовката и имплементацијата на еден ваков програмски документ е од големо значење за континуираниот процес на информирање на граѓаните за сите активности на општината како и соработката со граѓаните во рамките на планирањето и реализацијата на сите идни активности од значење за развојот на локалната заедница.

Задоволството на граѓаните од услугите што им ги нуди општината зависи и од степенот на информираноста за видот на услугите и начинот на давањето на тие услуги.

Со цел да ги подобри условите за комуникација со претставниците на средствата за јавно информирање и воопшто граѓаните, покрај Граѓанскиот сервис центар општината ја уреди и новата прес сала.

Со оглед на фактот што досегашните искуства од имплементацијата на Програмата потврдија дека станува збор за активности кои во голема мера зависат од екстерни и интерни фактори, постоењето на Програма со јасно детерминирани приоритети и активности и со вклучување на споменатите фактори е повеќе од неопходно.

Наспроти фактот што од страна на меѓународната заедница, Државната комисија за спречување на корупцијата и Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите, Општина Велес е посочена како пример за транспарентност и отворена комуникација со јавноста, сеуште постојат отворени можности за достигнување на уште поголеми резултати на овој план.

Раководејќи се од мотото „Задоволни граѓани-наша цел, Општина Велес во 2008 година, согласно оваа Програма ќе работи на следниве приоритетни потреби:

-Зајакнување на капацитетите за промоција и комуникација со јавноста.

-Зајакнување на креативните капацитети за подготовка и реализација на кампањи за промоција на општината.

-Интензивирање на комуникацијата со граѓаните.

-Зголемување на бројот на изданија на промотивни материјали

-Организација и реализација на редовни прес конференции и брифинзи

-Реализација на презентации и емисии посветени на работата на Општина Велес

Промоција

Вклучувањето на промоцијата во буџетското планирање, овозможи достигнување на конкретни и мерливи резултати преку активности за подготовка и издавање на брошури чија цел е презентација на резултатите и стратешките заложби за развој на локалната заедница.

Утврдувањето на постоечки капацитети за развој на промотивната активност, интерно во општинската администрација уште повеќе ја нагласи потребата од искористување на постојните капацитети во реализација на атрактивен промотивен материјал.

Промоцијата исто така овозможува интензивна соработка и размена на идеи со бизнис заедницата што е уште една придобивка за Општина Велес.

Целта на оваа програма е да обезбеди стратешки пристап во организирањето и спроведувањето на кампањи за промоција на Општина Велес во текот на 2008 година.

Секоја кампања поради природата на проблемот или темата што ја третира бара поинаков приод, но сите без исклучок бараат креативност со која ќе се поттикне интересот на граѓаните да дознаат нешто повеќе за општината и услугите со кои општината може да им помогне.

1.2.2 Предложен пристап

Развојниот тим на општина Велес (воспоставен преку Проектот за децентрализација на УСАИД), но функционален во сите области од секојдневната работа на општинската администрација, во соработка со градоначалникот ќе ги разгледува предлозите за организирање на кампањи чија цел е промоција на општината во целост или промоција на одредена активност или услуга.

Тимот ќе утврди пристап за промоција на општината за секоја кампања поединечно.

Пристапот ќе се утврдува преку анализа на приоритетите, можностите, целните групи и ефектите што треба да се постигнат со кампањата.

2.ОПИС НА ПРОГРАМАТА

2.1. Генерална цел:

Промоција на општината и Воспоставување на добра комуникација со граѓаните во прилог на развојот на локална демократија и заедничко делување на планот на развој на локалната заедница во целина.

2.1.1. Цели:

·Подготовка и реализација на кампањи за промоција и информирање на јавноста

·Продлабочување на комуникацијата со сите целни групи на граѓани-корисници на услуги;

2.1.2. Целни групи

-Урбани и месни заедници
-Здруженија на граѓани
-Бизнис –сектор
-Медиуми
-Сите граѓани корисници на услуги
-Потенцијални инвеститори
-Туристи и посетители
-Донатори
-Меѓународни организации
-Претставници на збратимени градови и градови пријатели на Велес

2.1.3 Активности

Промоцијата и комуникацијата со јавноста ќе ги опфатат следните активности:

-Подготовка и дистрибуција на печатен промотивен материјал за Општина Велес (брошура);

-Подготовка и реализација на кампања за услугите што граѓаните можат да ги добијат во Граѓанскиот сервис центар (печатење на флаер, изработка и емитување на тв и радио спот, плакат)

-Подготовка и реализација на кампања за управување со цврст комунален отпад; (реализација и емитување на тв и радио спот, флаер,плакат)

-Подготовка и реализација на кампања за наплата на даноци; (реализација и емитување на тв и радио спот, флаер,плакат)

-Реализација на кампања за енергетска ефикасност; (реализација и емитување на тв и радио спот и флаер)

-Подготовка и реализација на кампања за заштита на урбаната опрема (реализација и емитување на тв и радио спот и флаер)

-Промоција на заштитен знак и маскота на Велес (во зависност од потребите, преку поставување на патокази или печатење на репрезентативен материјал) Презентации и емисии посветени на работата на општината.

-Презентации посветени на работата на општината.

-Поставување на инфо киосци во централното градско подрачје

Треба да се има во предвид дека списокот на активности сублимирани во поимот „промоција“ зависи од многу фактори како на пример од видот на активноста што се промовира или целта што сакаме да ја постигнеме што оди во прилог на флексибилноста на програмата.

2.1.4 Очекувани резултати

-Интензивирана промоција на општината
-Зголемена информираност на граѓаните
-Зголемено учество на граѓаните
-Зголемен број на проекти со учество на нво секторот, бизнис секторот и медиумите
-Зголемен број на инвеститори
-Зголемен број на туристи и посетители

Очекувани продукти

-Расположив промотивен материјал за Општина Велес
-Расположиви брошури и флаери за услугите за услугите што граѓаните можат да ги добијат во Граѓанскиот сервис центар
-Расположиви брошури за кампањи од јавен интерес
-Расположиви брошури за манифестации од меѓународно значење
-Подготвени и емитувани аудио и тв спотови
-Достапен промотивен материјал со маскота и заштитен знак на Велес

3. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Покрај развојниот тим во организацијата на програмата ќе се вклучат Градоначалникот и Советот на Општина Велес кои со свои идеи и решенија можат да придонесат за успешна реализација на програмата.

Сите предложени решенија ќе ги разгледуваат сите учесници за секоја кампања поединечно.

Во кампањите во зависност од околностите ќе бидат вклучени претставници на нво секторот, бизнис секторот и медиумите.

Развојниот тим ќе ги разгледува ефектите од секоја кампања.

4. ОДРЖЛИВОСТ

Расположивите човечки ресурси и можноста за креативен пристап во обезбедувањето на што поголем обем на информации за граѓаните како корисници на услугите,

ОПИС	Вкупно	Општина Велес	Други извори донации
• Подготовка и дистрибуција на печатен промотивен материјал за Општина Велес (брошура);	200.000	200.000	/
• Подготовка и реализација на кампања за услугите што граѓаните можат да ги добијат во Граѓанскиот сервис центар (печатење на флаер, изработка и емитување на тв и радио спот, плакат)	150.000	150.000	/
• Подготовка и реализација на кампања за управување со цврст комунален отпад; (реализација и емитување на тв и радио спот, флаер,плакат)	150.000	150.000	/
• Подготовка и реализација на кампања за наплата на даноци; (реализација и емитување на тв и радио спот, флаер,плакат)	100.000	100.000	/
• Реализација на кампања за енергетска ефикасност; (реализација и емитување на тв и радио спот и флаер	100.000	100.000	
• Подготовка и реализација на кампања за заштита на урбаната опрема (реализација и емитување на тв и радио спот и флаер)	100.000	100.000	/
• Промоција на заштитен знак и маскота на Велес (во зависност од потребите, преку поставување на патокази или печатење на репрезентативен материјал)	150.000	150.000	
• Презентации посветени на работата на општината.	50.000	50.000	
• Поставување на инфо киосци во централното градско подрачје	150.000	150.000	
• Непредвидени трошоци	50.000	50.000	
Вкупно	**1.200.000**		

Број 0701-5539/10
26.12.2007 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес
Трајко Бабунски,с.р.

245.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување на Програма за активностите на Општина Велес во областа меѓународната соработка за 2008 година

Се објавува Заклучокот за донесување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на меѓународната соработка во 2008 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 26.12.2007 година.

Број 0801-5590/11
27.12.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 26.12.2007 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на меѓународната соработка во 2008 година

1. Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за активностите на Општина Велес во областа на меѓународната соработка во 2008 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-5539/11
26.12.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски,с.р.

Врз основа на 36, став 1,точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“бр. 5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес(„Сл.гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 26.12.2007 година, донесе

ПРОГРАМА
за активностите на Општина Велес во областа на меѓународната соработка во 2008 година

1. РАМКА НА ПРОГРАМАТА

1.1.ОСНОВА

Интензивирањето на меѓународната соработка е едно од приоритетните прашања во рамките на заложбите за динамичен развој на Општина Велес.

И покрај фактот што меѓународната соработка ќе биде во фокусот на вниманието по официјалниот старт на имплементацијата на втората компонента од Инструментот за предпристапна помош-ИПА (кој според најавите треба да стартува во 2009 година), постоењето и одржувањето на оваа Програма оди во прилог на зајакнувањето на капацитетите на општината на планот на меѓународната соработка.

Имајќи ги во предвид претстојните активности, во рамките на процесот на стратешко планирање и идентификација на приоритетите, во 2007 година Советот на Општина Велес за првпат усвои Програма посветена на меѓународната соработка.

Досега, меѓународната соработка се остваруваше најмногу преку организацијата на културни манифестации од меѓународен карактер и недостигаа конкретни активности за продлабочување на соработката во сите области од работата на локалната самоуправа, а особено на планот на креирање и имплементација на заеднички проектни активности.

Според најавите од Делегацијата на Европската Комисија, во периодот што следи ќе се отворат можности за интензивирање на меѓународната соработка и на планот на инфраструктурниот развој и локалната економија како и на планот на регионалниот развој.

Општина Велес веќе има воспоставено добра меѓународна соработка со збратимените градови Свиштов, Република Бугарија и Слобозија, Република Романија.

Во 2007 година најинтензивна соработка општината имаше со збратимениот град Свиштов, Република Бугарија и градовите Ужице и Ниш од Република Србија.

Продолжи и соработката со градовите пријатели на Велес: Самобор-Република Хрватска, Ужице,Ниш, Инџија и Вршац-Република Србија, Перник-Република Бугарија на планот на размена на информации и искуства.

Има многу отворени можности за продлабочување на соработката со збратимените градови Целје-Република Словенија и Пула-Република Хрватска како и новиот пријател на Велес, градот Долгопрудни, Руска Федерација.

Со поддршка на Француската национална асоцијација на градови со историја и култура и градови со заштитени реони, Велес воспостави контакт и соработка со градот Ангулем, Република Франција, познат како светски центар на стрип уметноста.

Особено радува фактот што во 2007 година е покрената иницијатива за збратимување на Велес со градот Текирдаг, Република Турција.

Постои иницијатива и за воспоставување на соработката со градот Фојница,Босна и Херцеговина.

Во рамките на заложбите за проширување и продлабочување на соработката, Општина Велес е во постојана комуникација со дипломатските претставништва во земјава.

Претставниците на локалната самоуправа од, Свиштов и Ужице и во ноември 207 година, присуствуваа на одбележувањето на 9-ти Ноември, Денот на Општина Велес со што ја потврдија подготвеноста за продлабочување на соработката.

Наши уметници и писатели престојуваа на значајни културни манифестации во Република Бугарија, а меѓународната соработка во голема мера ја продлабочија и традиционалните културни манифестации на Општина Велес од Меѓународен карактер.

Општината воспостави соработка и со Холандската асоцијација на општини VNG International што овозможи размена на идеи и искуства.

Сите досегашни активности и многуте отворени можности за работа на овој план, одат во прилог на постоењето и имплементацијата на еден ваков програмски документ.

1.1.ОПРАВДАНОСТ

1.1.1. Приоритетни потреби: Евроинтеграции

* Продлабочување на меѓународната соработка

Евроинтегративните процеси отвораат многу можности за соработка и поврзување на регионите на територијата на Европа и што е најзначајно за општините , соработка на ниво на локална самоуправа.

Фактот што Општина Велес како седиште на Вардарскиот регион (во постапка е процедура за хармонизација со НУТС 3 номенкалтурата за стандардизација на еврорегиони), допрва ќе работи на имплементација на програми за развој на регионот, постоењето на програма за меѓународна соработка е повеќе од неопходно.

Ова е особено значајно во процесот на идентификација на општини од странство потенцијални партнери за реализација на комплементарни и комплексни проекти во рамките на ИПА.

1.2.2 Предложен пристап

Во 2008 година меѓународната соработка покрај на интензивирањето на културната соработка ќе се фокусира на зајакнување на можностите и реализација на конкретни проекти со збратимените и градовите пријатели на Велес. Од особена важност е реализацијата на проекти во областа на:

-локалниот економски развој и инвестиционите програми;

-зајакнувањето на капацитетите во контекст на подобрување на услугите на граѓаните преку размена на позитивни искуства;

-Заштитата на животната средина;

-Урбанистичкото планирање;

-Спортот;

-Културата

2.ОПИС НА ПРОГРАМАТА

2.1. Генерална цел:

Продлабочување на меѓународната соработка и реализација на конкретни активности и проекти во рамките на евроинтегративните процеси.

2.1.1.Цели:

-Продлабочување на соработката со збратимените градови и градовите пријатели на Велес;

-Реализација на заеднички активности и проекти;

-Зајакнување на капацитетите преку размена на искуства

-Можности за туристичка и економска презентација на Велес;

-Можности за креирање на поквалитетни и поефикасни услуги за граѓаните.

2.1.1.Целни групи

-Сите граѓани на Велес и граѓаните на збратимените градови и градовите пријатели на Велес;

-Градоначалниците, Советите на општините и менаџерските тимови во општините и градовите;

-Здруженија на граѓани;

-Бизнис –сектор;

-Медиуми

-Потенцијални инвеститори

-Меѓународни организации

2.1.3 Активности

Продлабочувањето на меѓународната соработка ќе ги опфати следните активности:

-Интензивирање на комуникацијата со збратимените градови и градовите пријатели на Велес со користење на можностите на глобалната Интернет мрежа;

-Организиран престој на делегации во Велес;

-Организирани посети на Градоначалнкот, членовите на Советот на Општината и претставници на општинската администрација во збратимените градови и градовите пријатели на Велес;

-Организирање на средби и утврдување на конкретни активности;

-Аплицирање на заеднички проекти во рамките на евроинтегративните процеси.

-Размена на искуства;

-Примена на стекнатите позитивни искуства;

-Организирано учество на претставници на културно уметнички друштва, групи и индивидуални уметници на значајни културни и спортски манифестации;

Иницијативите и креативноста на сите учесници во реализацијата на оваа Програма можат многу да придонесат во проширување на листата на активности.

2.1.4 Очекувани резултати

· Интензивирана комуникација со збратимените градови и градовите пријатели на Велес со користење на можностите на глобалната Интернет мрежа;

-Реализиран организиран престој на делегации во Велес;

-Реализирани организирани посети на Градоначалникот, членовите на Советот на Општината и претставници на општинската администрација во збратимените градови и градовите пријатели на Велес;

-Реализирани средби и утврдени конкретни активности;

-Поднесени аплицикации за заеднички проекти во рамките на евроинтегративните процеси.

-Реализирана размена на искуства;

-Применети позитивни искуства;

-Зголемен број на потенцијални инвеститори;

-Реализирано учество на претставници на културно уметнички друштва, групи и индивидуални уметници на значајни културни и спортски манифестации;

Очекувани продукти

-Зголемен број на иницијативи за продлабочување на соработката;

-Зголемен број на посети на делегации во Велес; (јавно достапни информации)

-Зголемен број на реализирани посети на делегации од Општина Велес во збратимените градови и градовите пријатели на Велес; (јавно достапни информации)

-Зголемен број на организирани средби и дискусии;(заклучоци, јавно достапни информации)

-Реализирани заеднички проекти;(проектна документација, конкретни активности)

-Применети искуства (јавно достапна документација и информации)

-Реализирани инвестиции (број на инвеститори)

-Реализирано учество на претставници на културно уметнички друштва, групи и индивидуални уметници на значајни културни и спортски манифестации (јавно достапни информации)

3. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

На интензивирањето на меѓународната соработка покрај Градоначалникот и човечките ресурси во рамките на општинската администрација ќе учествува и Советот на Општината чии членови ќе бидат вклучени во сите процеси на взаемни посети и размена на искуства со збратимените градови и градовите пријатели на Велес.

Од особена важност е Советот на општината активно да учествува со свои иницијативи во продлабочувањето на меѓународната соработка.

4. ОДРЖЛИВОСТ

Можноста за продлабочување на соработката и реализација на конкретни активности и проекти кои ќе обезбедат продлабочена меѓународна соработка,подобри услуги за граѓаните и ќе отворат можности за нови инвестиции одат во прилог на одржливоста на Програмата.

Секоја реализирана активност оди во прилог на бенефитот на граѓаните и можностите за интезивирање на развојот на локалната заедница што како повратен ефект ќе обезбеди дополнителни средства за одржливост на Програмата

БУЏЕТ

ОПИС	**Предвидени средства** **Вкупно** МКД	Општина Велес	Други извори
• Организиран престој на делегации во Велес;	150.000		150.000
• Организирани посети на Градоначалникот, членовите на Советот на Општината и претставници на општинската администрација во збратимените градови и градовите пријатели на Велес;	100.000		100.000
• Подготовка за Аплицирање на заеднички проекти во рамките на евроинтегративните процеси.	50.000		50.000
• Организирано учество на групи и поединци на значајни манифестации, саеми и работилници	200.000		200.000
Вкупно	**500.000**		**500.000**

Број 0701-5539/11
26.12.2007 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес
Трајко Бабунски с.р.

246.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување на Програма за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2007 и 2008 година

Се објавува Заклучокот за донесување на Програмата за измена на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2007 и 2008 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 26.12.2007 година.

Број 0801-5590/12
27.12.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 26.12.2007 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување на Програма за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2007 и 2008 година

1. Советот на Општина Велес ја донесе Програма за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2007 и 2008 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-5539/12
26.12.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски,с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/22), член 7, точка 3 од Законот за култура пречистен текст („Сл. весник на РМ“ бр.66/03) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 26.12.2007 година ја донесе следната

ПРОГРАМА
за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2007 и 2008 година

Член 1

Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2007 и 2008 година во табеларниот дел „Активности 2008“ се вршат следните измени и дополнувања:

Во колоната „Предвидени средства“, после колоната „Донација од Холандска амбасада“ се додава нова колона „Сопствени приходи“.

I МАНИФЕСТАЦИИ

- Во реден број 1 – Божиќен концерт, во колоната „Предвидени средства – Општина Велес“ се додава износот „33.500“ и во колона вкупно се внесува износот „33.500“.

- После ред. број 2 се додава реден број 3 „60 години од егзодусот на Македонците од Егејска Македонија, рок март 2008, носител Општина Велес и ЗГ „Ѕвезда“ Предвидени средства-Општина Велес 90.000, вкупно 90.000“.

- Во реден број 4 „Денови на пролетта“ во колоната „Предвидени средства – Општина Велес“ износот „5.000“ се заменува со „5.600“, а во колона „Вкупно“ износот „15.000“ се заменува со „15.600“.

- Во реден број 5 „Априлијада“ во колоната „Предвидени средства – Општина Велес“ износот „5.000“ се заменува со „5.600“, а во колона „Вкупно“ износот „5.000“ се заменува со „5.600“.

- Во реден број 6 „Велигденско јајце“ во колоната „Предвидени средства – Општина Велес“ износот „20.000“ се заменува со „20.400“, а во колона „Вкупно“ износот „20.000“ се заменува со „20.400“.

- Во реден број 7 „Источен петок - Балаклија“ во колоната „Предвидени средства – Општина Велес“ износот „40.000“ се заменува со „43.500“, а во колона „Вкупно“ износот „40.000“ се заменува со „43.500“.

- Во реден број 8 „Средби на Бошњаците од РМ“ во колоната „Предвидени средства – Донација од Холандска амбасада“ износот „30.000“ се заменува со „25.000“, во колона Општина Велес“ износот „30.000“ се заменува со „40.000“, а во колона „Вкупно“ износот „90.000“ се заменува со „95.000“.

- Во реден број 9 „Денот на македонските просветители „Св. Кирил и Методиј““во колоната „Предвидени средства Холандска амбасада“ износот „200.000“ се заменува со „215.000“, во колона Општина Велес“ износот „50.000“ се брише, во колона други извори и донации износот „100.000„ се брише, а во колона „Вкупно“ износот „350.000“ се заменува со „215.000“.

- Во реден број 10 „Денови на културата во Република Македонија“ во колоната „Предвидени средства – Министерство за култура износот „30.000“ се заменува со „31.200“, во колона Општина Велес“ износот „20.000“ се брише, а во колона „Вкупно“ износот „50.000“ се заменува со „31.200“.

- Во реден број 11 „Рацинови средби“ во колоната „Предвидени средства– Министерство за култура“ износот „200.000“ се заменува со „207.000“, Холандска амбасада износот „300.000“ се заменува со „311.500“, во колона Општина Велес“ износот „200.000“ се заменува со „213.500“,а во колона „Вкупно“ износот „700.000“ се заменува со „732.000“.

- Во реден број 12 „Завршна манифестација – Детска градинка“ во колоната „Предвидени средства – Општина Велес“ износот „5.000“ се заменува со „5.600“, а во колона „Вкупно“ износот „5.000“ се заменува со „5.600“.

- Во реден број 13 „V Меѓународен фолклорен фестивал“ во колоната „Предвидени средства– Министерство за култура“ износот „100.000“ се заменува со „111.200“, а во колона „Вкупно“ износот „800.000“ се заменува со „811.200“.

- Во реден број 17 „VII Интернационален фестивал на античка драма „Стоби“ во колоната „Предвидени средства–Холандска амбасада износот „200.000“ се заменува со „211.200“, а во колона „Вкупно“ износот „1.600.000“ се заменува со „1.611.200“.

- Во реден број 20 „Обележување на 8-ми Септември“ во колоната „Предвидени средства – Општина Велес“ износот „60.000“ се заменува со „.33.500“, а во колона „Вкупно“ износот „60.000“ се заменува со „33.500“.

- Во реден број 21 „Недела на детето“ во колоната „Предвидени средства – Општина Велес“ износот „30.000“ се заменува со „.31.200“, а во колона „Вкупно“ износот „30.000“ се заменува со „31.200“.

- Во реден број 22 „Обележување на 11Октомври“ во колоната „Предвидени средства – Општина Велес“ износот „20.000“ се заменува со „22.500“, а во колона „Вкупно“ износот „20.000“ се заменува со „22.500“.

- Во реден број 23 „Врачување на актерската награда за животно дело Петре Прличко“ во колоната „Предвидени средства – Општина Велес“ износот „40.000“ се заменува со „.44.500“, а во колона „Вкупно“ износот „40.000“ се заменува со „44.500“.

- Во реден број 24 „Обележување на 9-ти Ноември““ во колоната „Предвидени средства – Општина Велес“износот „100.000“, се заменува со „164.500“ а во колона „вкупно“ износот „100.000„ се заменува со „164.500“.

- Во реден број 25 „41 Детски Рацинови средби“ во колоната „Предвидени средства – Општина Велес “износот „30.000“, се заменува со „32.500“ а во колона „вкупно“ износот „40.000„ се заменува со „42.500“.

- Во реден број 29 „Организирање на 2 саема на книгата“ во колоната „Предвидени средства – Општина Велес“износот „20.000“, се заменува со „22.500“ а во колона „вкупно“ износот „20.000„ се заменува со „22.500“.

- Во реден број 30 „Поддршка на ЗГ од областа на културата“ во колоната „Предвидени средства – Општина Велес“износот „80.000“, се брише а во колона „вкупно“ износот „130.000„ се заменува со „50.000“.

- Во ред. бр.31 „Негување на културата, традицијата и обичаите на заедниците“ во колона „Предвидени средства-Општина Велес“ износот „50.000“ се брише, а во колона „Вкупно“ износот „100.000“ се заменува со „50.000“.

- После ред. бр. 31 се додава нова позиција реден бр. 32 „Денови на Кемал Ататурк , носител ЗТ „Бирлик“, предвидени средства – Општина Велес – 30.000 и во колона вкупно – 30.000“.

- После ред. бр. 32 се додава нова позиција ред. бр.33 „Обележување на Меѓународен ден на Ромите , предвидени средства – Општина Велес, 20.000 и во колона вкупно 20.000“. Следните позиции го менуваат редниот број.

- Во реден број 34 „Јубилеи на реномирани автори“ во колоната „Предвидени средства – Општина Велес“износот „30.000“, се заменува со „31.200“ а во колона „вкупно“ износот „30.000„ се заменува со „31.200“.

- Во реден број 35 „Презентација на велешката култура во странство“ во колоната „Предвидени средства – Општина Велес“износот „60.000“, се заменува со „20.000“ а во колона „вкупно“ износот „120.000„ се заменува со „80.000“.

- Позицијата „Истражување на домашни библиотеки“ се брише.

- Во ред. бр.37. „Организиран дочек на Нова Година“колона „Предвидени средства – Општина Велес“износот „700.000“, се заменува со „704.500“ а во колона „вкупно“ износот „700.000„ се заменува со „704.500.

- Во позицијата „Вкупно“ глава I Манифестации се вршат следните измени: Во колона Предвидени средства – Министерство за култура – износот „1.330.000“ се заменува со „1.349.400“, Холандска амбасада износот „1.454.400“ се заменува со „1.487.100“, Општина Велес износот „2.970.000“ се заменува со „2.969.600“, други извори и донации износот

„130.000“ се заменува со „30.000“, а во колона „Вкупно“ износот „5.884.400“ се заменува со „5.836.100“.

II ИНВЕСТИЦИИ

- Реден број 1 и реден бр. 2 се бришат во целост, а следните редни броеви се менуваат така што реден број 3 станува 1 и тн.

- Во реден број 1 „Изградба на споменик на ЈХК Џинот“ сите предвидени средства се заменуваат со „0“.

- После реден број 1 се додава „реден број 2 –„Изградба на споменик на Св. Кирил и Методиј“.

- Реден број 3 „Изработка на мурали на фасади“ се брише и се заменува со „Пренесување на етно-материјал од Франкфурт-донација од семејство Петрушевски“ во колона „Предвидени средства – Општина Велес“ се внесува износот „2.000.000„ и во колона „вкупно“ „2.000.000“.

- После реден број 3 се додава реден број 4 кој гласи: „Опремување на спомен-соба Џинот“ во колона „Предвидени средства – Општина Велес“ се внесува износот „100.000„ и во колона „вкупно“ „100.000“.

- После реден број 4 се додава реден број 5 кој гласи: „Опремување на спомен-соба Гемиџии“ во колона „Предвидени средства – Општина Велес“ се внесува износот „100.000„ и во колона „вкупно“ „100.000“.

- После реден број 5 се додава реден број 6 кој гласи: „Изработка на портрети на знаменити личности од Велес“ во колона „Предвидени средства – Општина Велес“ се внесува износот „90.000„ и во колона „вкупно“ „90.000“.

- После реден број 6 се додава реден број 7 кој гласи: „Изработка и поставување на скулптури во просторот“(видра и „Бели мугри“) во колона „Предвидени средства – Општина Велес“ се внесува износот „600.000„ и во колона „вкупно“ „600.000“.

- После реден број 7 се додава реден број 8 кој гласи: „Проширување на амфитеатар во Младински парк“ во колона „Предвидени средства – Општина Велес“ се внесува износот „200.000„ и во колона „вкупно“ „200.000“.

- После реден број 8 се додава реден број 9 кој гласи: „Преселба на библиотека, уредување на објектот и салата“ во колона „Предвидени средства – Општина Велес“ се внесува износот „1.500.000„ и во колона „вкупно“ „1.500.000“.

- После реден број 9 се додава реден број 10 кој гласи: „Опремување на Ликовен салон“ во колона „Предвидени средства – Општина Велес“ се внесува износот „300.000„ и во колона „вкупно“ „300.000“.

Во позицијата „Вкупно“ глава II Инвестиции се вршат следните измени: Во колона Предвидени средства –,, Општина Велес износот „2.500.000“ се заменува со „4.890.000“, други извори и донации износот „1.300.000“ се заменува со „0“, а во колона „Вкупно“ износот „3.800.000“ се заменува со „4.890.000“.

III ТРАНСФЕР НА СРЕДСТВА

Табеларниот преглед „Трансфер на средства“ се менува во целост и гласи:

- ред. бр. 1 „Блок-дотација библиотека – плати“, во колона „Предвидени средства – Министерство за култура“ „3.087.321“, во колона „Вкупно „3.087.321“.

- ред.бр. 2 „Блок-дотација библиотека – материјални трошоци“, во колона „Предвидени средства – Министерство за култура“ „696.766“, во колона „Вкупно „3696.766“

- ред.бр. 3 „Приходи од самофинансирање - библиотека“, во колона „Предвидени средства – сопствени приходи“ „980.000“, во колона „Вкупно „980.000“

- ред.бр. 4 „Блок-дотација музеј – плати“, во колона „Предвидени средства – Министерство за култура“ „4.013.321“, во колона „Вкупно „4.013.321“.

